# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 5 јули 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Благој Голомеев, Лилјана Ивановска, Ванчо Георгиев, Славица Станковска, Јани Макрадули, Ристана Лалчевска, Али Ахмети, Теута Арифи, Хусеинџевад Хусеини, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Трендафилов и Ѓорге Паљошкоски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејки ова е нова седница, треба да го утврдиме дневниот ред и нам ни е потребен кворум. До сега 35 пратеници се дојдени.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

Не можам да ве молам, немам начин да ве довлечам, тоа е тоа.

(Пауза од 11,04 до 11,32 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците уште еднаш, бидејки знам дека во Клубот, од каде што дојдов и јас, има уште неколку пратеници.

Комисијата за политички систем нека ја прекине работата, има пауза од 14,00 до 15,00 часот, нека ја продолжи тогаш. Имаме работа да завршиме и нека ги закажува седниците во 09,00 часот ако треба. Професионалци сме сите, ве молам.

Молам службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, за да знаеме уште колку пратеници ни се потребни за кворум.

(Присутните во салата чекаат да се обезбеди кворум).

Повикајте ги пратениците од Комисијата, нека ја прекинат седницата на Комисијата. Никој не се откажува од задоволството да доаѓа порано или за време на ручекот да има седница на Комисијата. Но затоа ние овде ќе прекинуваме и тоа ќе не чин 6 илјади евра дневно.

(И понатаму присутните пратеници чекаат да се обезбеди кворум).

Ги молам пратениците кои излегоа да влезат повторно, мислам дека сега имаме кворум.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Во 11,44 часот)

Господа пратеници, десет минути за кворум течат, а ние ќе му објасниме на народот зошто ќе ја прекинеме седницата без работа, а дневници ќе земеме.

Службите нека го утврдат сега бројот на присутните пратеници во салата.

Благодарам.

Сега во салата се присутни 62 пратеника. Нема да барам да притиснете едно копче од системот за гласање за да го утврдиме бројот, бидејки сега изброивме и утврдивме дека во салата се присутни 62 пратеника, еве го и 63-тиот и 64-от пратеник, 65, 66.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Државната изборна комисија.

Во врска со Предлогот за донесување на закон за Бирото за развој на образованието, со Предлогот на закон, кој е содржан во Предлогот на дневниот ред во решението за свикување на оваа седница, ве известувам дека претставниците на Владата на седниците на Комисијата за образование, наука и спорт и на Законодавно-правната комисија го повлекоа Предлогот на законот и Собранието на оваа седница ќе расправа само по Предлогот за донесување на закон за Бирото за развој на образованието.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итната и неодложна потреба Верификацијата на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Претставник и известител, колку што знам, е господинот Зоран Томиќ. Повелете.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија,на седницата одржана на 4 јули 2005 година, го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи, согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и врз основа на член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага дневниот ред за седницата на Собранието на Република Македонија, закажана за денес, 5 јули 2005 година, да се дополни со верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија.

Ова од причина што треба да се пополни местото на сега починатиот наш колега Орданчо Тасев.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Верификацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Каме Петров предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип; Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола; Предлогот на одлуката за огласување именување јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип и Предлогот на одлуката за огласување именување заменик на Јавнио тобвинител во Основното јавно обвинитеслтво во Кавадарци.

Заради ефикасност и рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог оделно.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе.

Итноста на овие точки на дневниот ред произлегуваат од досегашната наша практика, значи ние како Собрание на Република Македонија да им овозможиме и овозможуваме што поголема проодност на одлуките за огласување и избор, за кадровските потреби на судските и на другите државни органи.

Од тие причини, препорачувам овие одлуки за огласување во оделни судови и јавни обвинителства во државата кои вие ги цитиравте да бидат донесени на денешната седница.

Неодложноста и итноста се засновани на Деловникот на Собраниеот на Република Македонија, што исто така ја цитираше колегата Томиќ.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 66 пратеници гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, 1 воздржан,нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлука за огласување именвување на јавен обвинител во Основното јавно обвинитеслтво во Штип да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување именување јавен обвинител во Основното јавно обвинитеслтво во Кавадарци да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни над 67 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Потоа,Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка и

Предлогот на Одлуката за разрешување на членови на Советот за радиодифузија.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Каме Петров ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат утврдени на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван претседателе, за денешнава Сто трета седница на Собранието на Република Македонија Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага да се вградат во итна постапка уште три точки во дневниот ред. По прашањата Предлог на одлуки за изменување на дел од состојбите на работните тела на

Собранието, на одделни пратенички групи за соработка со парламентите на трети земји и од други области. Основната и неодложна потреба произлегува и од одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија кои што се назначени исто така во самите одлуки кои се доставени до пратениците.

**Љупчо Јордановски:** Првиот предлог, предлог на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 60 за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 53 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Предлогот на Комисијата Предлогот на Одлуката за разрешување на членови на Советот за радиодифузија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 60 за, 2 воздржани, 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седниц го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

3. Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

4. Предлогот на Одлука за разрешување на членови на Советот за радиодифузија;

5. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;

6. Предлог на одлука за огласувње избор на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола;

7. Предлог на одлука за огласување именување јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип;

8. Предлог на одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Кавадарци;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската унија за безбедносните продоцедури за размена на класифицирани информации, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Ревидираната Европска Конвенција за заштита на археолошкото наследство, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измени на Европската конвенција за спречување на тероризмот, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистички вид по пат на информатички системи, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отворање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за просветната инспекција, со Предлог на закон;

25. Предлог на декларација за неменување на уставното име на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Бидејќи нема, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Вообичаено веќе традиционално прашање, дали има некој во врска со редоследот на точките на дневниот ред. (Нема)

Бидејќи нема, прочитаниот и утврдениот дневен ред е конечниот дневен ред по кој што ќе работиме на оваа седница.

Во текот на работата службите ќе ви го отпечатат дневниот ред и ќе биде поделен.

**Минуваме на точката 1 - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија**.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претставникот, односно известителот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги,

Комисијата за Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 јули 2005 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 2, 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија број 07-540/1 од 27 јуни 2005 година. Врз основа на член 125 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ви го достави Извештајот кој е пред вас. Она што би сакал да кажам дека Државната изборна комисија во целост ја запази процедурата, а ние постапуваме согласно член 66 од Деловникот. Така што предлагаме на местото на починатиот наш колега Орданчо Тасев, се верифицира мандатот на следниот од изборната листа број 4, а тоа е господин Сашо Богдановски од ВМРО-ДПМНЕ и од Либералната партија. Ве молам истиот предлог да биде поддржан и изгласан во Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Сашо Богдановски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 67 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Сашо Богдановски.

Од моја страна му честитам за мандатот, се надевам дека лошите работи од пратениците нема да ги научи, посебно околу кворумот.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 3 - Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 4 - Предлогот на Одлука за разрешување на членови на Советот за радиодифузија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 60 за, 1 воздржан, 5 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 61 гласале за, 7 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за огласувње избор на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 60 за, 7 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за огласување именување јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 60 за, 6 воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Кавадарци.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската унија за безбедносните продоцедури за размена на класифицирани информации, со Предлог на закон.**

Предлагач Владата на Република Македонија - Министерство за надворешни работи.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се досавени, односно поделени.

Отворам по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Унија за безбедносните процедури за размена на класифицирани информации.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 62 за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 за, нема воздражани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Ревидираната Европска Конвенција за заштита на археолошкото наследство, со Предлог на закон.**

Предлагач Владата на Република Македонија со Министерството за надворешни работи и Министерството за култура.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Донесувањето на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство е од огромно значење за нашата земја и сметам неопходно и јасно е зошто, затоа што Република Македонија изобилува со археолошко богатство, дури и не треба да одам подалеку од Охрид, синонимот за археолошкото наследство и богатство.

Одредбите на овој закон треба да ги надминат досегашните недостатоци и слабости за реализацијата на заштитата на археолокото наследство. Особено е важна потребата од зацврстувањето на соработката во Европа и од здружена акција на сите жени.

Ќе го нагласам значењето на археолошкото богатство и наследство. Тоа зборува и ја пишува нашата историја. Кажува кои сме и од кога сме тука.

Го издвојувам член 2, став 3, кој вели "Задолжително известување на надлежните органи за случајните наоди на археолошкото наследство и создавање услови за нивно понатамошно проучување". Ќе потенцирам "задолжително" затоа што многу често, за реализација на лични потреби се затрупуваат археолошките вредности.

Во членот 3 особено е важно спречувањето на секакво нелегално ископување. Обезбедувањето научен пристап при археолошките ископувања и истражување и за мене, како сведок токму на спротивното, ќе потенцирам "Елементите на археолошкото наследство да не се откриваат или остануваат изложени на отворено без да се утврди нивната понатамошна заштита и конзервација, како и раководењето со нив". За жал, има повеќе такви примери што не треба и не сакам сега да ги набројувам.

Секоја земја потписничка презема мерки, се вели во членот 5, а по мое видување, пак од теренот, ќе издвојам "Доколку при изведувањето на некои градежни работи се откријат елементи на археолошко наследство, треба неодложно да се обезбеди нивна конзервација "ин ститу"". И, став 5, да обезбеди отворање на археолошките локалитети за јавност, но да не предизвика несакани последици врз арехолошкиот и научниот карактер на таквите локалитети и нивно опкружување.

Членот 7 го регулира редовното изготвување и објавувањето прегледи и мапи на археолошките локалитети и информации за археолошките зафати во вид на научни прегледи за разлика од досегашниот приод кога поединци се однесуваат како да археолошката вредност е нивна приватна сопственост.

Ќе го издвојам значењето на членот 9 "Подигање на јавната свест", што во овој момент многу ни значи, но истовремено и ни недостасува.

Членот 12, за уредување на прашањето за взаемна техничка и научна помош е од големо значење.

И, секако, членот 13 кој што предвидува контрола на примената на самата Конвенција. Важноста на оваа Конвенција е дотолку поголема што е најавено во одговорите на Прашалникот на ЕУ во врска со кандидатурата на Република Македонија за прием во ЕУ.

Затоа, овој Предлог-закон силно го поддржувам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Самоиловска имате збор.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Особено ме радува што на денешната седница имаме Предлог за донесување на закон за ратификација на Ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследств. Имајќи предвид дека станува збор не само за еден од темелните акти на Советот на Европа кои што го третираат прашањето на културното наследство со особен осврт на археолошкото наследство и неговата конзервација, туку воопшто станува збор за еден од најсериозните меѓународни документи воопшто изготвен што се занимава со археолошкото наследство и неговата конзервација.

Овој документ го третира археолошкото наследство од сите негови аспекти. Има исклучително интегриран и аналитичен пристап. Се занимава со дефиницијата на археолошкото наследство, со идентификацијата, интегрираната заштита на археолошкото наследство, во финансирањето на археолошките истражувања, понатаму подигањето на јавната свест, контрола, дефинирани се инструментите за контрола на примената на оваа конвенција и тн и тн.

Во извесна смисла, овој документ дури можеби може и да послужи како прирачник при изготвувањето на стратегијата за заштита на културното наследство, што би требало да биде еден од клучните приоритети на секоја културна политика на една држава. Се гледа дека во изработка на овој документ учествувале врвни експерти од областа на археологијата и конзервација на археолошкото наследство. Во таа смисла јас би потенцирала еден член, нема да зборувам за значењето на културното наследство, за значењето на археолошкото наследство, што тоа значи и во наши рамки и во пошироки светски рамки, само ќе кажам дека

археолошкото наследство бара сериозен и научен експертски пристап, но и сериозен финансиски третман од страна на државата.

Во таа смисла, дозволете ми да го прочитам членот 6 од Ревидираната конвенција, Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство, во кој што се зборува за финансирање на археолошки истражувања и конзервација. Членот 6 гласи вака:

"Секоја земја, потписничка, ќе преземе мерки:

1. Да обезбеди финансиска поддршка за археолошките истражувања од националните, регионалните и локалните власти, во согласност со нивните компетенции.

2. Да ги зголеми материјалните средства за превентивна археологија:

а) со тоа што ќе преземе соодветни мерки во плановите за поголемите јавни и приватни градежни зафати да бидат предвидени и вклучени целокупните трошоци, со средства обезбедени од јавниот или приватниот сектор за сите неопходни археолошки зафати и

б) со предвидување средства во Буџетот што се однесуваат на овие планови, на истиот начин на кој што се обезбедуваат средства за изработка на студиите за влијанието на околината и мерките за заштита при регионалното планирање за прелиминарни археолошки студии и истражувања за научни извештаи, како и за целосно публикување и евидентирање на резултатите од таквите студии и истражувања".

Имајќи во предвид дека со денешното усвојување на овој Предлог-закон за Ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство, овој исклучително значаен меѓународен документ ќе стане и правно обврзувачки инструмент во правниот систем на Република Македонија, односно ќе стане дел од правниот систем на нашата држава и не може да се менува со друг закон.

Во таа смисла јас би кажала дека Република Македонија, освен декларативните заложби што во изминатиот период ги искажува во однос на заштитата на културното наследство, ќе мора тоа да го спроведе на дело, односно со соодветен финансиски третман. Во таа смисла би потсетила за ставката за заштитата на културното наследство во Буџетот на Министерството за култура што за жал е десеткувана, што значи намалена во однос на еден претходен период.

Истовремено би потсетила дека во членот 3 од оваа Конвенција се предвидени и инструменти за контрола на примената на оваа Ревидирана Конвенција, што значи дека за овие потреби ќе се формира комитет на експерти назначен од Комитетот на министри при Советот на Европа, согласно член 17 од Статутот на Советот на Европа, кој што ќе ја следи примената на оваа Конвенција и, се разбира, ќе го известува Советот на министри и Советот на Европа.

Во таа смисла, доколку Република Македонија навистина сака да стане дел, вистински да стане дел, не само декларативно, од европските структури, мискам дека краен период, крајно време е да почне навистина да ги следи, односно да се труди да се приближи кон европските стандарди и трендови, а во оваа смисла сметам дека треба во периодот што ни претстои да се обрне многу повеќе внимание на заштитата на културното наследство, особено од аспект на нејзиниот финансиски третман.

Се разбира дека со задоволство ќе гласам за ратификацијата на оваа Конвенција и си го земам праото, бидејќи уште еднаш кажувам дека со усвојувањето на овој Предлог-закон станува дел од правниот систем, оваа Конвенција на Република Македонија ќе го земам правото да за време на дискусијата за Буџњетот на Република Македонија за 2006 година, да потсетам што сме усвоиле како еден исклучително значаен меѓународен документ и да отсетам во врска со ставката на Буџетот, особено за делот на културното наследство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 51 гласале за, нема воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на пратеници).

Во салата се присутни 56 пратеници.

Гласањето го прогласувам за невалидно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Дофрлање од место дека има комисија).

Видете, има една комисија. Има пријавено само 12 отсатни. Ако тоа го одземете од 120 и на комисијата, тоа се пак над 100.

Ги молам пратениците кои не се на комисии да влезат, а ги има такви.

(Пратеници влегуваат во салата).

Сега, во салата се над 61 пратеник.

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

54 пратеници гласале, 54 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на воаа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 11, предлагач Влада на Република Македонија, Министерство за надворешни работи и Министерство за правда**

**- Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измени на Европската конвенција за спречување на тероризмот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измени на Европската конвенција за спречување на тероризмот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.
Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратении, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 12, предлагач Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и Министерството за правда**

**- Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистични вид по пат на информатички системи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистични вид по пат на информатички системи, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека е усвоне Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (нема пријавен)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистични вид по пат на информатички системи.

**Минуваме на точката 13-предлагач Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи**

**- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отворање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине претседателе.

Мојата забелешка е од процедурален и деловнички карактер. Вие цело време ни ги прикажувате овие предлог закони како предлог на одредено министерство, во случајот Министерството за надворешни работи.

Според Уставот и според Законот за Владата, министерство не може да биде предлагач. Ве молам, заради стенограмот и заради почитување на процедурите во Собранието и јавноста, да внимавате. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Добро, во иднина ќе читам предлагач Владата на Република Македонија, претставници Министерство за надворешни работи и Министерство за внатрешни работи. Добро? За да биде известена јавноста од кого фактички доаѓа законот. Владата го предлага, но кој го подготвува законот. Добро, ќе читам претставници пред министерствата.

Повелете господине Апостоловски имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

На почетокот на мојата дискусија сакам да го истакнам моето задоволство што на денешната седница пред пратениците е Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отварање на нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји.

Со донесување на овој закон се реализира иницијативата од почетокот на 90-тите години за отворање на меѓународен граничен премин што ги поврзува градот Делчево и градот Невестино на територијата на Република Бугарија.

Почитувани колеги, за ваше запознавање, а и за јавноста сакам да истакнам дека со изградбата на граничниот премин и пристапната патна мрежа ќе се подобри регионалната транспортна инфраструктура, ќе се прошири соработката и добрососедските односи со Република Бугарија во правец на взаемна корисна соработка не само за граѓаните на општината Делчево, туку и за граѓаните на Република Македонија.

Исто така сакам да нагласам дека во изминатиот период од страна на Република Македонија на патниот правец кој е во должина од 8 километри од градот Делчево до граничната линија е извршена експропријација на земјиштето и најголем дел од земјените работи на овој патен правец се завршени. Во Делчево одамна функционира целокупната инфраструктура што се однесува на реализација на царинските постапки.

Изградбата на овој граничен премин е од огромно значење за стопанството на Република Македонија од причини што се скратува должината на патот до Софија на само 100 км. а со тоа и времето на патување.

Исто така пристапноста на овој терен ќе овозможи непречен транспорт и во зимскиот период, а градот Делчево ќе се ослободи од огромниот сообраќај што е присутен во овој момент.

На крајот сакам да ја истакнам заложбата и напорот на Владата на Република Македонија за реализација на оваа дамнешна иницијатива и се надевам дека роковите дадени во членот 5 од законот ќе бидат исполнети од страна на Мешовитата експертска комисија.

Благодарам, ќе го подржам законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Добро е што Парламентот донесува закони за спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и владите на сите останати држави кои ги донесовме во претходните три-четири точки. Меѓутоа, би сакал да напоменам дека кога се носат, поготово оваа спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отворање на нов меѓународен патен граничен премин, освен претставниците на Министерството за надворешни работи и МВР, мислам дека тука би требало да бидат и претставниците на Министерството за транспорт и врски поготово што се работи за конкретни работи каде што во членот 2 од оваа спогодба се кажува дека секоја од договорните страни ќе изгради, реконструира и модернизира на својата територија пристапна патна мрежа и во истиот рок секоја страна ќе изгради неопходна инфраструктура за функционирање на новиот меѓународен патен граничен премин за опслужување на сите видови товар и патници.

Ако беа претставниците на Министерството за транспорт и врски навистина ќе имавме јасна слика најпрвин до каде се подготвителните работи на овој граничен премин од наша страна, потоа до каде се контактите со другата страна односно со Република Бугарија затоа што, како што се наведува исто така во член 2 дека ќе биде формирана и е формирана Мешовита експертска

комисија, таа е стручна комисија каде се дефинираат и точните места на пресекување на границата, точната местоположба на новиот меѓународен патен граничен премин.

Кога сум овде да спомнам дека Меѓународната експертска група ги има формирано и точните места и пресекот на границата и местоположбата на меѓународниот патен граничен премин. Започнати се активностите, меѓутоа, сакавме да слушнеме од Владата и од претставниците на Министертвото за транспорт и врски што се планира во наредниот период затоа што со оваа спогодба што е потпишана од двете земји, јасно се кажува дека во определен рок треба да се завршати овие активности.

Сега, ако веќе имаме потпишана спогодба од една страна, од друга страна навистина треба и Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски да подготви програма, затоа што проект има, меѓутоа, програма на каков начин и во кој определен рок ќе се извршат сите овие активности.

Овој граничен премин од наша страна Делчево, а од друга страна Невестино Република Бугарија навистина е многу важен за целата Република затоа што всушност се отвара, морам да кажам, централната рута на Коридорот 8, а тоа е Делчево, Македонска Каменица, Кочани, Штип, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Струга и Ќафасан.

Значи, освен сегашната рута на Коридорот 8 навистина оваа централна рута ќе придонесе за еден развој не само за инфраструктурата, туку и за целата економија во Република Македонија и со отворањето на овој граничен премин, меѓутоа и со веќе подготвени програми и проекции што треба Владата на Република Македонија, поготово во овој период, да ги направи, можеме да конкурираме и пред Европската инвестициона банка и Европската банка за реконструкција и развој и не само граничниот премин, меѓутоа и централната рута почнувајќи од Делчево да почне да се гради затоа што од друга страна слушаме во јавноста веќе е дефинирана и рутата на нафтоводот АМБО, така што можеме да ги искористиме сите позитивни придобивки и од тој нафтовод, меѓутоа и од централната рута на коридорот 8 за да навистина придонесеме за можностите што ги нуди овој коридор и од еден инфраструктурен коридор да стане и економски коридор.

Обврската на Владата е многу голема и обврската на Министерството за транспорт и врски и јас мислам дека е многу заостаната во поглед на работите на овој граничен премин, би требало сега да се почне поинтензивно, бидејќи веќе и спогодбата е потпишана и навистина во Делчево да имаме еден модерен граничен премин кој ќе придонесе за еден поинаков економски развој во овој дел од Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Јас исто така сакам да истакнам дека овде станува збор за еден значаен потфат, се создава можност со овој граничен премин за една нова артерија во Македонија која ќе добие големо значење. Одамна стручњаците, експертите и политичарите и граѓаните од Делчево односно од Кочани натаму и Штип се заинтересирани за овој правец, се чекало малку повеќе, но тоа не зависи само од нашата земја, се разбира, ние мислиме дека со Бугарија е направена една спогодба која е од интерес за двете земји и мислам дека Спогодбата е добро направена.

Затоа пратеничката група на ЛП овој потфат го смета за значаен и ќе гласа за законот за ратификација на оваа спогодба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање по предложениот заклучок, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се сега присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отворање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан, нема против, во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 55 за, еден воздржан, еден против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи претставникот на МНР е тука, заменик министерот, би сакал да напоменам дека кога Мешовитата експертска комисија ќе почне со заседавање официјално, бидејќи таа е почната уште од 2001 година односно кога се почнати сите активности за овој граничен премин, во Деловникот за работа да определи рок затоа што

тоа го имаме согласно членот 2 од оваа Спогодба за да на некој начин одиме во поинтензивна изградба на овој коридор.

Значи, членот 2 и членот 3 каде се кажува дека Мешовитата експертска комисија ќе работи, ќе донесува решенија во согласност со насоките на владите на двете земји и на првата работна средба ќе се усогласи и ќе донесе деловник за работа. Во тој деловник за работа согласно член 2 да се определат децидните рокови, тоа може од наша страна да го направи МНР. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве овикувам да гласаме?

Гласале 58 пратеник, 58 за, нема воздржани, нема против.

Службите нека го констатираат бројот на присутните.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Почитувани пратеници точките 14 и 15-Предлог за донесување на закон изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон, како и Предлог за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители, со Предлог на закон, матична комисија е Комисијата за политички систем, тие сега го подготвуваат извештајот, предлагам додека биде извештајот готов и поделен овие две точки да ги рипнеме за да кога ќе биде извештајот готов да се вратиме на нив.

Овој предлог го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Имам право по Деловникот.

Гласале 53 пратеника, 50 за, двајца воздржани, еден против, а во салата се присутни 53 пратеника.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Оваа матична комисија сега го подготвува извештајот по овие две точки а по Деловникот пред да се отвори расправа мора да има извештај од матичната комисија.

**Минуваме на точката 16-Предлагач е Владата на Република Македонија, претставник е Министерството за образование и наука**

**-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставен односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување

на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Биковска имате збор.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Сите знаеме дека стабилен образовен систем кој што почива на европски стандарди е еднiот од главните двигатели на развојот на Република Македонија.

Заложбите за европска интеграција и забрзаниот економски, социјален и културен развој на Република Македонија, го ставаат Министерството за образование и наука пред значајни предизвици за промена на неговата институционална основа и засилување на неговите капацитети.

Активното учество на Република Македонија во глобалните интеграциски процеси, подразбира и превземање на одговорност за остварување на глобалните политики во сферата на образованието.

Потребата од задоволување на стандардите на компатибилност, современост и ефикасност на образовниот систем го актуелизира прашањето за научно осмислен и глобален приод во оваа сфера.

Подигањето на квалитетот на образовниот систем, императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја.

Во таа смисла, сите педагошки кадри, вклучувајќи ги тука во прв ред и раководните кадри, се наоѓаат во центарот на современите настојувања за подобрување на квалитетот и подигање на ефикасноста на образовната политика.Отука се налага за неминовност потребата од

Член 91 средно образование и член 98 од основно образование.

Иницијалната обука и професионалното усовршување на раководниот кадар во училиштата (директорите) е приоритетна активност на Министерството за образование и наука согласно со "Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015".

За таа цел, треба да се отвори широк избор на даватели на образовни услуги, фокусирани во подигнувањето на стручните компетенции на училишните директори кои ќе работат според акредитирани програми за оваа дејност.

Ваквата мерка што се предвидува во предлогот ќе ја елиминира можноста од појава на монополи во иницијалната обука и професионалното усовршување на директорите, и е во согласност со заложбите за обезбедување можности за избор од страна на оние кои сакаат да ги стекнат бараните компетенции, бидејќи стекнатите

компетенции ќе бидат верифицирани и ќе подлежат на лиценцирање од страна на државно тело.

Тогаш само она лице кое ќе има службена лиценца за вршење на директорската функција ќе има можност да биде бирано на тоа работно место.

Понатаму,имајќи ја во предвид состојбата на централните образовни институции, во услови на спроведување на децентрализацијата, а во функција на ефикасно управување со промените во сферата на образованието, како и во функција на зголемување на неговиот квалитет, Министерството за образование и наука, предлага проширување на надлежностите на државниот просветен инспекторат со вршење на надзор над квалитетот на воспитно образовниот процес.

Бидејќи во практиката се покажа дека не постои соодветна инситуција која на стручен и квалитетен начин би го вршела ваквиот надзор, во тој случај државниот просветен инспекторат би преставувала централна образовна институција задолжена за почитување на законитоста во областа на образованието и системска контрола на квалитетот на образовниот процес.

Ваквата надлежност на Државен просветен инспекторат подразбира инстситуционално евалуирање на образовните институции како и поединечна евалуација на наставниот и раководниот кадар во функција на обезбедување на квалитет и конкурентност.

Националниот и меѓунараодниот успех на Република Македонија директно е детерминиран од егзистирањето на високи стандарди во образовниот систем и почитување на реализација на целите, принципите и препораките кои се зацртани во меѓународните документи за развој на образованието во Европа и светот.

Би сакала на крај да истакнам дека вака проектираното образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени. Очигледна е и неминовна потреба од нова архитектура на системот за иницијална обука и системот за професионално усовршување на наставниот и раководниот кадар во образовниот систем на Република Македонија.

Затоа ја давам мојата целосна поддршка на предлогот.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам на госпоѓа Биковска.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Она што е тенденција на ова Собрание уште од самиот почеток на започнување на реформите и измените на Законите за основно и средно образование е политиката на деполитизација на избор на директори во основните и средните училишта.

Она што го укажувавме и како членови на Комисијата за образование наука и спорт и како пратеници во претходните расправи по измените на Законите за основно и средно образование, кога стануваше збор за избор на директор е обуката, покрај измените што ги направивме во насока на изборот на директори во основните и средните училишта е начинот на спроведување на обуката и на подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор.

Имено, досега, во првата фаза се случуваше субјекти определени од Министерството кои се избрани врз основа на јавен оглас да ја вршат оваа обука, врз основа на соработката што Министерството за образование и наука ја има со УСД сведоци сме дека ова предизвика бурни реакции во јавноста, не само кај политичките субјекти дека на овој начин всушност се протежира една "партиска група" на директори на кои што им е овозможена ваква одлука и ќе им овозможи полесно да останат на позициите на директор особено зарадии тоа што се однесува за директори кои веќе се избрани во основните и средните училишта.

Измените кои што се пред нас во суштина претставуваат одговор за барањата за комплетна деполитизација за вршење на подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор со оглед на тоа што се предлага тоа да го прават установи кои што ќе добијат соодветна акредитација, ќе бидат акредитирани од страна на Министерството за образование и наука и ќе ги исполнуваат условите од најмалку пет лица со стекнато звање доктор односно магистер на науки, меѓутоа и најмалку две стручни лица кои имаат познавање на законите и прописите од областа на образованието и финансиите.

Ова е од исклучително голема важност со оглед на тоа што наставниот кадар, не само сега актуелните избрани директори, наставниот кадар кој е заинтересиран и ги исполнува условите за избор на директор да биде обучен, да му се олесни практично подготовката за полагање на испит за директор, кој што е еден од условите за избор на директор.

Пратеничката група на СДСМ од тие причини ќе го поддржи овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоице Грковска.

Има збор Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Ова е не така обемен закон, меѓутоа во групата на закони кои што се однесуваат во сферата на усогласување односно дополнување на законите за основно и средно образование особено во сегментот на директор односно менаџерскиот кадар. Јас како пратеник и претседател на Комисијата за образование наука и спорт сакам

да дадам поддршка на овие измени на законот зо цел со самиот почеток на нашите пратенички мандати промените во сферата на законодавството од обласа на образованието укажувавме на тоа дека од особено големо значење е деполитизацијата во процесот на образованието, особено во изборот на менаџерскиот кадар со цел да можеме од таа сфера да овозможиме квалитетно извршување и управување со училиштата, со цел усогласување на законите кои што ги донесовме со децентрализацијата на власта и што се однеесуваат и за основното и за средното образование имајќи во предвид дека мораме сите тие работи да ги направиме чекор порано за да можеме спремно да ги дочекаме сите одговорности кои што ќе ги имаат и самите директори во основните и средите училишта, имајќи го предвид дека уште од оваа учебна година ќе се соочат со проблеми на менаџирање, а по две години тие тешкотии можат да бидат уште поголеми ако се земе во предвид дека централната власт нема да биде таа која ќе го финансира основното и средното образование.

Во тој поглед мора да се биде особено внимателен и да се донесат законски ирешенија кои што ќе овозможат покрај останатите сегменти за квалитетно основно и средно образование исто така да овозможат и основи за избор и на установи акредитирани кои што ќе вршат обука и на директори. Секако овде и Комисијата имаше свој прилог во смисла кога се донесуваа законите за основно и средно образование, даде свои амандмани кои беа усвоени да директори и пред се наставници да мора да се даде предност односно во смисла дека мора да бидат високо образовани лица кои ќе можат поквалитетно да ја извршуваат и наставата и управување, менаџирање со тие установи.

Во таа смисла јас сметам дека ова е закон кој треба да се поддржи и е во корелација со сите останати измени на закони кои што ги донесовме.

Сакам да укажам до Министерството за образование и наука дека од исклучителна важност е, бидејќи со законите за децентрализација во процесот на образованието, и основно и средно ние направивме измена речиси на половина од членовите на законот. За основното образование речиси 70 члена беа изменети, за средно околу 60, така да Министерството за образование и наука во најскоро време да достави пречистен текст на закон за да може не само да им овозможи со закон да ги остварат своите права и да можат со овие измени на Закаонот деполитизација во процесот на избор на директор, меѓутоа и на ново избраните директори да им понудат од учебната година квалитетен текст на закон, кој што ќе биде апсолутно прочистен, имајќи предвид колку измени направивме во постојните текстови на закони. Вработените во образованието и сите они кои што ги засега таа сфера имаа проблеми во снаоѓањето во изменетите законски проекти.

Од тие причини значи еден апел до Министерството да може во најскоро можен временски рок да го направи пречистениот текст на закон за основно и средно образование, пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи предлогот на закон и со оние измени и усвоените амандмани од страна на Комисијата кои се однесуваа на член 1 став 3, каде што зборовите "стручни лица", се додаваат"најмалку две". Министерството ја прифати таа измена со тоа што ќе овозможиме стручните лица од сферата на правото да можат да им помогнат на директорите, останатите доктори на науки, магистри, да можеме да избереме квалитетни луѓе, менаџери кои ќе управуваат со образовните институции, имајќи во предвид, дали ние се согласуваме или не образованието е основен двигател на сите идни развои на нашата држава и во сфера та на економијата. Значи, ако направиме овде некаква грешка или грешка во чекори тоа ќе се рефлектира во иднина и ќе има далекусежни последици.

Од овие причини јас сметам дека ова се квалитетни законски проекции кои што пред се ги поздравувам затоа што задираат во деполитизацијата на образовната сфера. Образованието мора да биде имуно од политизација за да можеме да понудиме на идните млади генерации квалитетно образование.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Лепиткова.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам господине потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Она што можевме да го слушнеме од претходните дискутанти дека се работи за малил измени на Законот за основно и средно образование, меѓутоа навистина сериозни. Ние како членови на Комисијата за образование, наука и спорт, односно матична комисија имавме сериозна дебата на Комисијата каде заедно со претставниците на Министерството разговаравме околу три часа по однос на овие четири члена кои се денеска понудени пред нас.

Можам да кажам во тој правец дека Владата навистина прави сериозни напори односно продолжува по ист од од она што значи деполитизација на образовниот систем во Република Македонија. Тоа Владата на Република Македонија го најави уште со претходните измени на Законот за основно образование, кога зборувавме за она што значи децентрализација, кога имавме навистина обемни измени и тука сериозно тргна Владата со она што значи деполитизација во образовниот систем. Сега со ова законско решение истото тоа го покажува.

Од кој аспект говорам ова?

Со овие измени на Законот се кажува за установата која се акредитира за подготовка на кандидати за полагање на испит за директор. Бидејќи во моментот имаме една таква состојба каде што во Основните училишта во Република Македонија веќе имаме раководен кадар кој мора да ја заврши законската обврска и да стекне лиценца за вршење на дејноста директор. Тоа тие го имаат направено во изминатиот период.

Сега еден апел до Владата за да тргнеме во понатамошен процес на она што значи добивање на лиценци на останати претенденти за директори на одредени основни училишта во Република Македонија јас се плашам да не влеземе во друг лавиринт, друг правец каде што согласно она што значи победа на одредени политички партии на избори сите кои претендираат да се пријавуваат и добиваат лиценци за вршење на директо во основни училишта.

Ова го говорам од аспект на тоа што ќе дојдеме во еден таков лавиринт да сите оние кои што се наставен кадар во иднина всушност ќе се пријавуваат да бидат потенцијални директори на одредени постојни училишта, со што верувам дека нема да ги спроведеме исправно сите оние реформски правци во правецот на деполитизација на образовниот систем. Значи, мојот апел до Министерството е да води сериозна грижа за овој проблем, за да секој потенцијален наставен кадар нас не ни се претвори и во потенцијален некој иден директор во одредено основно училиште.

Од тој аспект јас по однос на она што значи Комисијата која треба да ги акредитира и да дава свои мислења и сугестии, кажа и претходниот дискутант дека таа е составена од најмалку пет доктори или магистри на науки, што е сосема исправно и од друга страна тука се интервенираше амандмански, каде што навистина Владата покажа се, се додаде и "намјалку двајца". Значи, ние мораме тоа да го врзиме со она што значи најмала граница или најдолна бројка која ќе учествува во давање на мислење и сугестии по однос на одредени кандидати за директори на основни училишта. Така да Владата продолжува со вообичаената пракса и Законот за основно образование и Законот за средно образование да ги пушта во процедура да ги гледаме на иста собраниска седница, што според мене навистина е исправно.

Јас цврсто сум убеден дека ќе се продолжи максимално со заложбата за деполитизација во образовниот систем и од тој аспект давам целосна поддршка на овој законски проект. Верувам дека тоа ќе го направат и останатите колеги пратеници.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодаам господине Анастасовски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги, пред нас е Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование. Истиот е составен од 4 члена и тоа во членот 1 кој што всушност, претставува додавка на она што говореа и моите претходни колеги за членот 98 во ставот 8 се додаваат 8 нови става и со тоа всушност имаме изменување на дело кои што со овој закон го донесовме 2004 година октомври месец. Сега прашање е затоа што во самиот член од законот за основното образование, јас ќе морам да ги прочитам службените весници на Република Македонија. Број 44 од 1995 година, број 24 од 1996 година, број 34 од 1996 година, број 35 од 1997 година, број 82 од 1999 година, број 29 од 2002 година, број 40 од 2003 година, број 42 од 2003 година, број 63 од 2004 и број 82 од 2004 година.

Значи со самото ова, сите овие се однесуваат на Законот за основно образование. Мислам дека Министерството требаше да најде сила, затоа што и ова што ни е предложено во овие 4 члена од дополнување на Законот, понатаму ќе проговорам, дел од тој член 3, мислам дека треба да отпадне. Значи многу скоро ќе имаме повторно во некој друг Службен весник од 2005 година, каде што ќе го нема тој член 3, а всушност, значи промена на тој Закон за основно образование. Затоа мислам дека треба поголема одговорност кога се донесуваат законите да можеме да знаеме за што всушност,се работи и што всушност, со овие закони донесуваме.

Основната работа на било којзакон е да биде применлив и да биде прецизен и точен, да можеме да знаеме и ние и граѓаните на кои што овој закон се однесува, што понатаму. Сега, имаме дополнување на членот 98 по ставот 8. Но, се работи сепак за изборот на директори и начинот на кој што тие треба да станат директори.

Членот 98 кој што го донесовме, како што кажав во октомври 1994 година кажува: "за директор на основно училиште се избира лице, кое покрај општите услови утврдени со закон, гиисполнува условите за наставник, педагог или психолог во основно училиште. Има најмалку 5 години работно искуство во установата за воспитно-образовна работа, верифицирана од Министерството и положен испит за директор. По исклучок, до колку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година, по денот на изборот за директор. Мандатот на директорот трае 4 години. Директорот на основното училиште го избира и разрешува градоначалникот на општината, согласно овој закон".

Сега доаѓаме до ова што е членот 98, важечкиот Закон, затоа што ова денеска што ќе го разгледуваме ќе биде важечко, како ќе го донесе Парламентот. Значи, по оваа логика и ова што сега го предлагаме, сите оние кои што завршиле и кои што работат веќе 5 години во

образованието имаат можност да бидат директори.

Јас сега не знам и тогаш го псотавив тоа прашање кога говорев за овој закон. Кој е тој што нема да се кандидира да биде директор во една институција, или едно училиште. Значи ние велиме дека тука правиме деполитизација, а од друга страна ќе се донесеме во ситуација, сите наставници, едноставно, да ги тераме да бидат спремни еден ден да бидат директори и да го завршат ова што како ќе го крстиме сега, курс или обука, после кое што во таа установа ќе добијат лиценца да бидат директори на едно училиште. Значи генерално, можеме да кажеме дека се она што во моментот се чувствува дека може да биде директор, сите овие ќе се приајват, но начинот на кој треба да се спремат и како понатаму Владата и градоначалникот на општината ќе биде тој што треба да донесе одлука кој од нив ќе треба да биде директор на основно училиште.

Мислам дека на овој начин, ако во моментот при донесувањето на претходниот закон немавме луѓе кои што имаат лиценци за директори и постоеше некоја можност за да кажеме, политичко решение, до сега кога сите тие останати кандидати ќе имаат лиценци за директори и повторно одлуката ќе биде на градоначалникот на општината кој што ќе го избере директорот на основно училише. Мислам дека апсолутно ништо не сме промениле, затоа што критериум  и мерило кој ќе може да биде на оваа обука во оваа установа, мислам дека нема и тука, апсолутно, ќе дојдеме во истата ситуација, само што сега сите ќе имаат лиценци за директори. А сега во моментот, никој ја нема.

Значи, акредитацијата се врши врз основа на поднесено барање од установата. И установата која што го поднесува ова барање за акредитација, треба да ги исполни следните услови: да има ангажирано најмалку 5 лица со стекнато звање доктори, односно магистри на науки од областа на образованието и воспитанието, како и стручни лица кои имаат познавања на законите и други прописи од облста на образованието и финансиите. И ова мислам дека е во ред, во ставот 2 да обезбеди соодветено опремени простории со информатичка технологија и други наставни помагала за современа реализација на подготовки. И ова вака добро изгледа, се додека не го видиме подолниот став каде што кажуваме: акредитацијата на установата за подготовката на кандидатаот за полагање на испит за директор е со важност две години.

Сега јас прашувам: таа установа ако во моментот го нема ова како информатичка технологија и други наставни помагала за современа реализација на подготовките и до колку инвестира, тие средства ќе бидат многу поголеми, отколку бројот на оние што во моментот ќе бидат во таа установа. Затоа што тука јас не гледам ограничување на бројот на установите кои што можат да добијат организација, а кои што ќе ги имаат овие услови, по кои што ќе можат да работат. Такви установи можат да бидат 2, 3, 5 или 10, кои што ќе го побараат ова и ќе можат да го имаат. Сега што ќе се случи, трошоците за подготовка на кандидатот за полагање за испит на директор, паѓаат на товар на кандидаатот, што е должен да ги уплати на соодветна сметка на акредитираната установа и трошоците за полагање на испит, исто треба да ги уплати кандидатот на соодветна сметка на Министерството. Ова се паѓа на товар на кандидатот, или на овие кандидати како што реков, потенцијално гледано, сите оние професори или наставен кадар кои имаат повеќе од 5 години работен стаж, можат да се пријават и да ја бараат оваа лиценца за директор. Што ќе се случи, незнам дали некој во моментот размислува, но во секој случај, повторно ако мислите дека ова е начинот на кој ќе извршите политизација, мислам дека не е, значи не е правиот начин и многу брзо ќе побараме нешто друго. По добивањето на акредитација на установите, членот 3 од член 98 став 9 на овој закон подготовките на кандидатите за полагање на испит за директор, ја вршат субејкти определени од Минситерството. Значи, субјекти определени од Министерството, избрани врз основа на јавен оглас, а согласно потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука и Јунајтет стејт со агенци Фор Интернешенел дивел. Сега јас ќе прашам дали ова треба да стои во закон. Мислам дека ова е поминато на Законодавно-правна комисија, ова истото го има и во средно образование. Мислам дека ако е ова трајно или вечно, некој меморандум кој што е потпишан помеѓу Министерството на Република Македонија и УСЕИД, тогаш треба да стои. Но ова што значи? Дали ова е соработка или меморандум само за ова, или после ова ние ќе треба да донесеме повторно закон со кој ова ќе го ограничиме, или ќе го избришеме. Значи за мене како што кажувате правниците, потребно законот да ги има штопомалку зборови, да биде попрецизен и јасен и точен. Во оваа ситуација, овој член 3 за мене е апсолутно непотребен тука и мислам дека нема потреба да стои, а од друга страна членот 2, говори за нешто друго.

Во членот 110 став 1, се додава нов став 2 кој гласи: "Државниот просветен инспекторат врши и надзор на квалитетот на воспитно-образовниот процес во основните училишта".

Сега, во делот на образложението на предложениот закон кој се однесува на просветната инспекција упатува на обратен редослед во донесувањето на овој закон со Законот на просветна инспекција. Вие кажувате дека ова се пакет на закони, но ние ќе го донесеме прво овој закон, па после ќе донесеме закон за државно просветна инспекција. И тука ги бркаме работите. Значи редоследот не го запазуваме и повторно можеме да дојдеме во ситуација нешто да се брише, па повторно да се додаде и тоа е можноста наместо законот за основно образование пречистен текст, да го

имаме тука сите како пратеници и да кажеме дека овој е законот, а не да се повикуваме на Законот од 1995 година, па од 1997, па од 1999, па од 2002 и уште многу такви закони кои што ги донесовме за основното образование. Мислам дека требаше да се направи еден закон, незнам што е брзањето, затоа што јас занм дека голем дел од наставниците и професорите во основните училишта веќе собираат некои документи со кои што ќе треба да се приајват за да ја извршат оваа обука и да полагаат за лиценца за директори. Ние сега носиме закон, кога ова сето ова ќе биде завршено, ако вие кажувате дека за една година директорот ако не положил таков испит и нема лиценца за дитектор, ќе биде променет, тогаш имаме проблем, затоа што локалната самоуправа од 1,07. треба да почне да функционира и во делот на оснвоното образование. Сега ние повторно сме многу назад, затоа што веќе денеска е 5.07. и ние говориме за нешто што вие допрва ќе треба да распишете јавен оглас на кој што ќе треба да се приајват овие установи, па потоа да ја дефинираат установата, па да ги известите сите оние што се заинтересирани да ја спроведат обуката. Колку време ќе трае, ниакде не е запишано, или можеби со некој подзаконски акт ќе го решите тоа и членот 3 под итно мислам дека треба да го избришете. Или решето го со некој подзаконски акт, или нагласете дека тоа е некој меморандум, врз основа на кој што треба да се заврши ова и мислам дека начинот на кој што ова ни е понудено, требаше многу повеќе да се размислува и 2004 година октомври месец, а сега сигурно, уште повеќе, затоа што на овој начин, не им помагаме на единиците на локалната самоуправа и на градоначалниците, туку, уште повеќе го усложнуваме тој процес, така да во основа идеата е добра, но од идеа до реализација мислам дека тука имаме некоја фалинка со која што овој закон или треба да се повлече, па на наредната седница, или незнам кога да се понуди, за да можеме прочистен од сите да го разгледаме и да го донесеме и да знаеме дека имаме закон за основно образование, а не да се повикуваме на 20 закони. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Имам неколку кратки забелешки. Господине Мавровски јас незнам зошто ја сваќате децентрализацијата во образованието исклучиво како можност на градоначалниците да ги избираат директорите. Точно е дека ќе имаме наставен кадар, добар дел од наставен кадар, кој што ќе биде заинтересиран да ја заврши обуката за директор, меѓутоа, тоа не значи дека ќе има проблеми при избор на директор. Напротив, мислам дека конкуренцијата ќе овозможи подобар избор на навистина, квалитетни директори во основните и во средните училишта. Начинот на избор на директор е пропишан во законите во основното и во средното образование, кои што претходно ги направивме и таму е јасно прецизирана постапката и во ниеден момент не е дадено дискреционо право на градоначалникот да бира директори, меѓутоа, напротив имаме јасна процедура како да се прави тоа. Така да, мислам дека вашето страхување околу големио тброј наставен кадар кој што ќе биде заинтересиран за обука за директор, не се коси со тенденцијата за деполитизација на изборот на директори. Јас, напротив, мислам дека колку побрзо ќе го усвоиме овој предлог на закон, толку побрзо ќе овозможиме, тој процес на деполитизација да се спроведе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Господине Мавровски една минута контра реплика, повелете.

**Спиро Мавровски:** Госпоѓице Грковска, јас само го прочитав членот 98. Ова е важечки закон, каде што во ставот 9 стои: "директорот на основното училиште го избира и разрешува градоначалникот на општината, во согласност со овој закон". Ставот 2 кажува: "за директор на основно училиште се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и условите за наставник, педагог или психолог во основно училиште. Има најмалку 5 години работно искуство во установата за воспитно-образовна работа, верифицирана од Министерството и положен испит за директор. По исклучок, доколку се нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано лице, кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор".

Сега јас незнам што кажав надвор од ова што вие сега ми реплицирате. Ова е законот кој што во овој момент е важечки.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за заменик минситерот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, би сакал да дадам некои појаснувања, кои што почитуваниот пратеник Спиро Мавровски ги искажа при неговата анализа на текстот на законот за измена на Законот за основно образование. Пред се, би сакал накратко да дадам некои појаснувања зошто толку чести промени и зошто сега е потребна брза интервенција и итна интервенција.

Како што ви е познато, ние превзедовме доста сериозни чекори во процесот на децентрализација, меѓу другото и во процесот на образованието, бидејки, во тој дел, според новиот закон за локална самоуправа, постоечкиот Закон за локална самоуправа, за прв пат, општините,односно градоначалниците добиваат повисоки ингиренции во урпавувањето со училиштата и училишната мрежа.

Значи, отворенис е поголем дел на прашања за кои што беше потребно да се расчистат, меѓу другото, и прашањата за обуката на директорите.

Самата содржина на членот 98, која што ја коментираше почитуваниот пратеник, во кој што искажа сомнеж во постапката за деполитизација, бидјеки сите би имале пристап кон програмата за полагање на испитот за директори, токму тоа е и целта да се биде транспарентен и да се овозможи согласно со Уставот на Република Македонија и сите закони еднаков пристап на сите граѓани, меѓу другото и оние наставници кои што ги исполнуваат условите да се пријават во програмата за полагање на испит, што не значи дека ќе го положат испитот.

Значи во овој член се допрецизира кои се установите кои што ќе вршат оспособување на кандидатите, кои што ќе полагаат по процедура и пред друга комисија. Што значи мора да се обезбеди еднаков пристап, онаков каков што и од страна на опозицијата бевме обвинувани во претходниот период, дека не сме овозможиле еднаков пристап на сите заинтересирани лица кои што скаат да се приклучат кон таа програма. Значи на овој начин се отстранува онаа пречка, односно онаа препрека.

Исто така, беше искажано сомневањето дека на овој начин нема да се спроведе деполитизација. Ова не е меѓу другото измена за да се оствари деполитизација. Напротив, овдека има намера да се направи квалитативен скок во однос на подигање на квалификационата структура, на нивото на знаења и познавање на идните директори, кои што би требало да прераснат во менаџери на училиштата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине Мавровски една минута контра реплика, повелете.

**Спиро Мавровски:** Почитуваниот заменик министер, мислам дека во објаснувањето од него не беа сите зборови на колегите од позицијата, кажуваа дека всушност претставува деполитизација и ова е начинот на кој што ќе се направи тоа.

Јас уште еднаш ќе кажам дека ова не е начинот да се деполитизира и повторно, како што самите кажавте општините добиваат повисоки ингиренции. На крајот на краиштата, градоначалникот е тој што ќе го нарпави изборот.

Честите промени мислам дека не се во ред, затоа што јас говорам за промени кои што се направени 1994, 1995, 1997, 2000 година, а да не говорам за последните 2003 и 2004 година кои што се две направени.

Значи, сепак, имаше можност и начин сето ова да се среди и да се донесе, пошто веќе имаме и знаеме како ќе функционира локалната самоуправа, тоа е начинот на кој што ќе го добиете законот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор заменик министерот за образование, господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дозволете колку што можам пократко да ги дообјаснам причините зошто пристапивме кон Предлог на ваква измена. Меѓу другото и заради искажани одредени дилеми од страна на поедини пратеници кои што и комисиската расправа и сега на оваа собраниска седница беа искажани.

Деполитизацијата како процес во образованието мислиме дека ја обезбедивме преку самата постапка за избор на директор на училиштето и таа не е составен дел на Предлогот на оваа измена. Самиот факт што дискреционото право на министерот за разрешување и именување на директор не е пренесено во новите законски решенија како дискреционо право на градоначалникот, туку е соодветна постапка во која што училишниот одбор ги анализира причините за поведување на постапка за разрешување директор или ги разгледува сите пристигнати предлози при конкурс за именување на нов директор и на градоначалникот му дава еден предлог, согласно со Законот за локална самоуправа, според кој што градоначалникот именува директори на јавни установи, меѓу кои што и училиштата се јавни установи, сметаме дека сме направиле значителен исчекор напред во делот на деполитизацијата во самата постапка за избор на директори. Значи, тоа е содржано во Законот за основно образование во членовите, кои што почитуваниот пратеник дел и ги потенцираше но не е предмет на оваа измена на Законот. Сме пристапиле кон измена на законот во делот на допрецизирање на законските одредби, во делот на потребата од подигање на квалитетот на претходните знаења и познавања на кандидатите за директори по областите во кои што претходно во своето редовно школување не биле едуцирани. Значи во делот на материјално-финансовото работење, во делот на познавање на соодветни компјутерски вештини и знаења, во одредено базично ниво, во делот на познавање на областа на сметководството и на другите знаења и предзнаења, кои што базично им се неопходни за да бидат менаџери на училиштата.

Беше искажана одредена резерва зошто во самата измена на членот 98, на дополнување на членот 98, зошто акредитацијата на установите ќе се дава само во траење на две години. Беше проценка соодветно на искуствата компаративни кои што ги имаме во другите области и во високото образование дека е потребно и неопходно на установите кои што ќе ја добијат акредитацијата за вршење на обука, да има некој временски пробен период за кој што Министерството ќе утврди дали квалитативно одговара на потребите на обучување на наставниците. Доколку некој од установите, инаку формално-правно ги исполнува условите, но квалитативно не ја врши добро обуката на кандидатите за директор, таа акредитација да им биде одземена. Тоа беше услов и предуслов, бидејќи препоставуваме дека во наредниот период ќе се јават поголем број на установи кои

што формално правно ги исполнуваат условите, но можеби во една трка за профит нема да одговорат на онаа основна потреба за квалитет.

Беше изразена резерва исто така во делот на дообјаснувањето на членот 2 за Просветната инспекција. Јас би сакал да ја искористам оваа ситуација да појаснам. Законот за просветна инспекција беше донесен пред две недели и сега ова е едно усогласување со Законот за просветна инспекција во кој што Просветниот инспекторат доби проширени овластувања и надлежности. Ако досега во Законот за основно образование имаше надлежности само за надзор над законитоста на работењето на образовните институции, односно нормативно правен надзор, сега се проширува и надзор во квалитетот на воспитно образовниот процес. Тука беше потребна и интервенција, заради усогласување со Законот за просветна инспекција кој што беше донесен.

Членот 3 зошто стои, во немање, сега ние се наоѓаме во одреден правен вакум во кој што беше потребно да се исполни тој простор, да се спроведе одредена обука барем на постојниот кадар, кој што моментално е на директорски позиции во основното и во средното образование и УСД се јавија со соодветен договор како партнер, кој што во еден подолг временски период се спремни материјално финансово да ја покријат оваа обука. Но, се јави опасност, ако во подолг временски период само тие ја изведуваат обуката, значи ќе имаме одредена монполизација на просторот и затоа е наведено во тој член како преодно законско решение до добивање на акредитацијата на првите установи. Овој дел да биде покриен од страна на меѓународниот проект кој што е ратификуван и се спроведува во делот на обуката на наставниот кадар и во обуката на директорите.

Се надевам дека од страна на пратениците на Собранието на Република Македонија ќе биде поддржан Законот за изменување и дополнување Законот за основно образование, бидејќи на тој начин ќе овозможиме поголема транспарентност во обуката на директорите, не на постојниот директорски кадар, туку и на новите кандидати кој што ќе се јават, ќе овозможиме еднаков пристап на другите кандидати кои што во наредниот период сакат да се вклучат во овој процес.

Напоменувам, со тоа и би завршил дека правилата на игра, односно посебниот правилник во кој што се утврдени постапката, начинот на полагање, спроведување на обуката, програмата за полагање на испитот за директори, се содржани во Правилникот за оваа намена, како подзаконски акт кој што е потпишан од страна на министерот и веќе е објавен во службено гласило на Република Македонија. Благодаам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине Мавровски, имате реплика 3 минути.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас мислев дека заменикот министер ова требаше да го каже на почетокот кога почнавме да го разлгедуваме законот и ќе ги скратеше дискусиите на пратениците, но во секој случај остануваат овие мои забелешки, не страв, но сомнеж во некои ситуации кои што и сега самиот заменик министер, мислам дека не понуди она што треба да биде факт според кој ние ќе одлучиме.

Во моментов поради членот 3 за кој што и самиот кажувавте дека постои правен вакум, вие се одлучивте за обука на постојниот кадар. Од друга страна членот 98 кој е во важност и за кој што еве денес не говориме, кажуваме дека тие кадри треба да имаат завршено и да имаат лиценци за директори. Значи, не поради правниот вакум, веќе ние имаме сега, она што кажувате дека секој ќе може да добие таква лиценца, доколку се пријави за акредитација и да ги заврши обуките за директор, ние сега доаѓаме во една друга ситуација, некој веќе да ја врши обуката и таа лиценца ќе ја има пред другите. Тоа значи уште во старт се во предност постојните директори, кои ги бираше оваа власт. Тука е едната работа.

Во однос на акредитацијата кажувате две години за да се провери квалитетот на установите кои што ќе се занимаваат со обука на овие кадри. Јас сега ќе ве запрашам во членот 3 ако веќе кажувате дека Просветната инспекција ќе има надзор во квалитетот на воспитно образовниот процес и ќе има надзор врз работата на овие установи, апсолутно нема потреба време од две години да утврдите дали некој квалитетно или неквалитетно ќе ја врши таа работа. И, доколку тоа не можат да го вршат, со таквите прегледи и контроли, едноставно може да се одземе таа акредитација која што вие ќе му ја дадете на установата и нема потреба од две години да видиме дали некој ќе произведе нешто што понатаму во образовниот процес, ќе може да доведе до други проблеми.

Уште еднаш ќе запрашам. Колкав е бројот на установите кои ќе добијат акредитација. Дали воопшто имате размислувано како што кажувате дека тие треба да се јават на јавен конкурс, колку од нив вие како Министерство сте предвиделе да можат да се занимаваат со оваа работа со обука на директори, кој што треба да добијат лиценци токму во тие установи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодаррам господине Мавровски.

Една минута контра реплика заменик министерот за образование, господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Како прво во постојната обука која што сега се спроведува има кандидати кои што не се директори на училиштата. Второ, веќе во тек е јавен конкурс во кој што можат околу 200 наставници во постојната програма која што ја спроведува УСД да се пријават, бидејќи согласно законските решенија оние кои што имаа вишо образование, а се директори, не се вклучени во програмата за обука.

Трето, околу бројката, колкав број на установи можат да се пријават, ова е пазарен начин на работење. Сите оние кои што ги исполнуваат условите кои што се дефинирани во членот 1 на измените на законот ќе добијат акредитација.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има три минути реплика пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе,

Дури сега не ми стана јасно што сакаме со овој закон. Имаме луѓе кои се на обука, не се директори. Има луѓе кои се директори кои може да не бидат директори. Со овој закон се предлага да се акредитираат установи и уште еднаш ќе го повторам прашањето што го кажа колегата Спире Мавровски за бројот на установите. Пазарни услови, да заменик министре, меѓутоа, овде се работи за еден специфичен воспитно-образовен процес. Значи, мора да имаме некоја рамка за да знаеме до каде можеме да се движиме со оглед на бројот на основните училишта кои постојат во Република Македонија и аналогно на тоа да се изведе бројот на установите кои ќе бидат акредитирани.

Апсолутно не се сложувам со вас, замениче дека овде не бил предмет на расправа членот 98. Со овој предлог вие барате да се додадат осум нови става на постојниот член 98. Меѓутоа, од тој постојан член има ставови претходно од 1 до 7, па ги додваме овие 8 и стануваат ставови 19 на тој член. Има постапка во тој член 98 став 1 што е директор, за директор по исклучок тоа што го читаше колегата Спире Мавровски и сега на овој постојан закон ние надодаваме уште осум нови члена заради установите кои треба да ги акредитира Министерството за образование и наука.

Во однос на државниот просветен инспекторат точно е дека го донесовме законот, во членот 8 став 1 се кажуваа кои се надлежности на државниот просветен инспекторат, но ме буни едно. Постојниот член 110 вели: "Инспекциски надзор во основното училиште врши Државниотг просветен инспекторат и овластени инспектори на општината на начин утврден со закон". Со овој предлог вие барате да се додаде нов член и нов став на тој член во кој го велиме истото, само малку видоизменето, па сега доаѓа вака: "Државниот просветен инспекторат врши надзор над квалитетот на воспитно-образовниот процес во основните училишта". Апсолутно се сложувам дека меморандумот можело да се најде некоја друга формулација, освен овој пропишан меморандум за соработка помеѓу Министерството за образование и УСД и можеби треба да стои согласно Меморандумот или вие самиот рековте дека меѓународен проект, некоја друга формулација, меѓутоа, сметам дека е непримерно во наш закон, во правната наша регулатива да постои и вакво нешто (го чита на англиски јазик),како што е во предлогот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Герамитчиоски имате една минута контра реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Потребата за донесување на измените во Законот за основно образование се со цел, како што неколку пати потенцирав за транспарентност на процесот кој што ќе тече. Оние кои се сега директори не мора да бидат вечно директори. Ќе имате нови кандидати, постојани промени во составот, што значи дека мора покрај општите услови дефинирани со Законот, заради подигање на нивото на компетенциите на идните директори да биде воведена, заради тоа беше воведен и испитот за полагање на директори. Сега, овде ги прошируваме начините на спроведување на обуката за тие кандидати.

Уште за членот 2, државен просветен инспекторат, тука мора да бидат дефинирани надлежностите на просветниот инспекторат. Начинот на кој што тој ги спроведува тие надлежности се дефинирани со закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор пратеникот Митковска Милка.

Повелете госпоѓо Митковска.

**Милка Митковска:** Благодарам господине заменик претседател, почитувани претставници на Министерството и почитувани пратеници,

Пред нас се наоѓа Предлог-законот за донесување закон за изменување и дополнвуање на Законот за основното образование. Образованието како основен сегмент на општеството и како гаранција за успешно остварување на општеството, покрај квалификуван наставен кадар, треба и мора да има и квалификувани и добро подготвени менаџери на образовните институции, како би се заокружила таа кадровска екипираност во образовниот систем. Зошто е потребно сето ова? Потребно е заради тоа што, иако морам да нагласам дека овој закон не дава алтернативи за деполитизација, но има една позитивна компонента, а тоа е она што им е најпотребно на директорите кои треба да прераснат во идни просветни менаџери. Имено, овој закон нуди квалификување во однос на организациска, финансиска, економска подготовка на идните менаџери кои досега во праксата се сретнуваат со голем број на непознавања од областа токму на економската односно финансиската струка. Така што, оваа обука ќе им биде поготово од полза.

Овде има и една алка која не е наведена, а се однесува на кандидатите менаџери, кои ќе го положат испитот и кои ќе се здобијат со лиценца за менаџери, а се однесува на постапката за избор на директорите, која што во суштина не е видоизменета.

Имено и досега Управниот одбор беше тој што даваше предлози по кандидатите од конкурсот за

избирање на директор, а директорот го назначуваше Министерството за образование. Сега се менува само тоа што наместо министерот ќе треба да го назначува или именува градоначалникот. Но ни министерот не се поведуваше секогаш од предлогот на Управниот одбор, па ниту градоначалникот нема да биде обврзан да се согласи со предлогот на Управниот одбор, иако Управниот одбор треба да го има главниот збор.

Во секој случај законот има, како што реков, позитивна компонента. Затоа Либералната партија ќе го поддржи овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Три минути реплика за госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Мене ми е жал што очигледно имаме недоразбирање дека станува збор за закон кој го регулира начинот на изборот на директори. Ние веќе сме ги усвоиле измените во законите за основно и средно образование кои го регулираат начинот на избор на директори. Апсолутно не е точно дека единствено што сме направиле е замената на ингеренциите на министерот со ингеренциите на градоначалникот. Училишниот одбор, а не управен одбор е тој што има и ја носи главната одговорност за предлагање на кандидати за директор. Ја упатувам мојата колешка добро да ги проучи членовите во законите за основно и средно образование кои се однесуваат на начинот на избор на директори за образованието.

Измените кои денес ги носиме дирекно имаат врска со деполитизација на изборот на директори затоа што се овозможува обука во установи од јавен карактер кои ќе бидат акредитирани од страна на Министерството да вршат обука на идните кандидати за полагање на испит за директори што е еден од критериумите при избор на директр.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Повелете госпоѓо Митковска, една минута контра реплика.

**Милка Митковска:** Ќе и реплицирам на колешката пратеничка затоа што доаѓам од образовниот систем, дирекно сум запознаена со проблемите во образовниот систем и менаџирањето на образовните институции. Токму заради тоа се јавувам.

Целта на овој закон не е како ќе се бираат директорите, туку како ќе управуваат и менаџираат. Јас со тоа се согласувам, така што нејзината реплика апсолутно е погрешна.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Пределогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Пред да повикам на гласање, мислам дека нема доволно пратеници во салата, а време е за пауза.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Заклучокот е прочитан.

Преминуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закнот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 гласале за,1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на член 1, став 3, алинеја 1, член 1 ставови 1 и 4 и на член 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови и од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 за, нема воздржан, нема против.

Првиот услов е исполнет.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Службите нека избројат.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека на седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 14, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

**Минуваме на 17-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара заменик министерот за образование и наука.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамтчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред вас е текстот на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, со Предлог на закон,

Јас би сакал на кратко да потенцирам, сосема кратко почитувајќи го вашето време, кои се причините зошто ја предложивме оваа измена на постоечкиот Закон за основно образование.

Покрај оние причини кои беа наведени кај претходниот закон за основно образование, за регулирање и изведување на подготовката за полагање на испит за директор на средно училиште и проширување на надлежностите на државниотр просветен инспекторат, во делот на вршење на надзор врз квалитетот на воспитно образовниот процес, постојат и одредени интервенции кои во јавноста предизвикаа одредени недоразбирања и недоумици околу изведување на државнат аматура.

Во претходните законски одредби имаше членови кои не извесен начин двосмислено не ги прецизираа роковите за започнување на процесот на државна матура во Република Македонија.

И овде со оваа измена, почитувајќи ги препораките на Уставниот суд на Република Македонија, во членот 1 на Предлогот, во членот л5 и во членот 6 попрецизно и поексплицитно се отстрануваат недоразбирањата кои постоеја во претходниот закон, во кој државната матура и нејзиното започнување беше поврзано со нови студиски програми. Овде преку членот 5 се дефинира дека државната матура започнува од учебната 2006/07 година, значи експлицитно е потврдено времето на нејзино започнување.

Исто така беше потребно да се допрецизира во членот 1 дека матурата се состои од државна матура, училишна матура и завршен испит, а во членот 6 е дефинирано дека во учебната 2005/06 година ќе се полага завршен испит според одредбите на Правилникот за содржината и организацијата на завршен испит во средното образование, според "Службен весник на Република Македонија " од 1994 и двете измени од 1994 година. Со тоа се затвора и овој проблем, кој предизвика интерес во јавноста.

Јас би сакал да потенцирам дека на овој начин и јавно ја манифестираме нашата определба, преку концептот на државна матура и на дело да започне во Република Македонија да се спроведува силната реформска клима во делот на средното образование, бидејќи државната матура како и во повеќето земји во светот треба да ги има двата основни елементи на носечки столб во образовниот систем, поврзување на средното и високото образование преку непречен влез на сите оние кои положиле државна матура без приемни испити на универзитетите и второ, добивање диплома со која ќе се верифицира неговиот труд преку иден професионален ангажман кај работодавците.

Се надевам дека ќе бидат подржани овие предлози за измени во Законот за средно образование и однапред благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Почитувани колеги, и покрај тоа што пред нас имаме предлог за измени и дополнување на законот за средно образование од само неколку члена, во суштина станува збор за суштински измени кои значително ќе влијаат на процесите во образованието и практично ќе бидат континуитет на реформите кои ние како пратеници сме ги гласале во изминатиот период. Нема да ја повторувам мојата дискусија во однос на членовите кои се однесуваат на установите за подготовка на кандидатите за директори, само ќе се задржам на оној дел што е различен од предлогот во основното образование, а се однесува на концепцијата за матура.

Добро е што во овој предлог се дефинира концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит, затоа што тоа до сега навистина создаваше некои дилеми. Меѓутоа и добро е што за многу скоро време имаме одговор, односно ова претставува реакција на укажувањето на самиот суд во однос на прашањата кои што беа регулирани во претходниот закон, во претходните измени на Законот за средно образование, кои што ги направивме а кои ја врзуваа концепцијата за матура со новите наставни планови и програми и

доколку останеше така и не се предложеше нов предлог, ќе беа невозможни да се применуваат, бидејќи и наставните планови и програми се менуваат со различна динамика и едноставно ќе биде невозможно новата концепција за матура што се предвидува да биде еден од главните реформски чекори во образованието да биде примената подеднакво за сите степени на образование.

Одлуките кои беа во јавноста предизвикаа големи реакција. Еден дел се однесуваа на тоа дали одличните ученици би требало да полагаат матура или не. Сакам да ја искористам оваа прилика, за да се расчистат некои дилеми што тогаш беа изнесени во јавноста. Имено, како што кажа и заменик министерот, новата концепција за матура ќе почне да се применува од учебната 2006/07 година и таа година во суштина кандидатите средношколци кои сакаат да се запишуваат и на факултетите практично нема да имаат потреба да полагаат и приемен испит, што ќе ги задоволи барањата на средношколците да нема двојно полагање за кратко време. Меѓуота, за жал средношколците кои ќе завршат 2005/06 година нема да ја имаат таа прилика, туку ќе полагаат матура според Правилниот од 10 ноември 1994 година, кој почна да се применува за учениците кои се запишале во училиште за средно образование во учебната 1995/96 година.

Каде настана забуната? Во тој Правилник нема ниту една одредба со која се вели дека одличните ученици се ослободени од полагањето на матура, туку напротив, во членот 10 се вели дека секој кандидат кој завршува гимназиско образование полага усни испити по два општообразовни или избрани предмети за кои сам се определил. Доколку ова министерството не го почитува, практично излегува дека го крши Правилникот што Министерството за образование некогаш го донело. Како се случила таа пракса одличните ученици години наназад да биде изземени од оваа пракса не би сакала да навлегувам, меѓутоа, сакам да потенцирам дека согласно Правилникот сите ученици ќе ја имаат оваа обврска, без разлика на нивниот успех. Ние се соочуваме со реален проблем, реален проблем кој се нарекува огромен број вештачки одлични ученици, огромен број нереални оценки, огромен број на притисоци врз наставниците за оценки кои се поголеми од заслужените, се со цел и под изговор нивните деца практично да имаат подобра стартна позиција за упис на факултет.

Новата концепција за матура мислам дека ќе биде решение за ваквиот начин на однесување, заради тоа што матурскиот испит ќе биде своевидна замена за приемните испити на факултетите, како што реков и на тој начин мислам дека значително ќе влијаеме и на родителите, меѓутоа, и на наставниот кадар да имаме реално оценување и тоа што ќе го добиеме во последната година од средното образование да биде практично реален одраз, реален приказ на успехот на учениците, затоа што само на таков начин ќе можеме да придонесеме и за квалитетот на образованието и за правилно водење на образовниот процес, а се разбира и за поголем број на квалитетни студенти на високообразовните институции во Македонија.

Токму од овие причини пратеничката група на СДСМ ќе подржи овој закон и се надеваме дека новата концепција за матура, како еден од главните реформски процеси, значително ќе влијае за подобрување на квалитетот на образовниот процес. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Митковска Милка, повелете.

**Милка Митковска:** Благодарам.

Господине претседателе, претставници на Министерството, почитувани пратеници,

Нема да зборувам по Предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за средното образование во смисла на поставувањето менаџери во институциите во средното образование, бидејќи би се повторувала со дискусијата што беше претходно за основното образование, од причини што тоа е истоветно, но ќе продискутирам повеќе за концепцијата за новата матура која што претставува континуитет во промените во образованието во една нагорна позитивна линија.

Имено, со членовите 1, 5 и 6, како што нагласија и претходните дискутанти се уредува и начинот на полагањето матура, неговото расчленување на повеќе столбови, од кои два се основни столбови на образованието. Со овој закон во суштина ќе имаме избегнување на притисоците од родителите и учениците врз оценувањето на учениците и пожелно е не да се направи онака како што дискутираше претходниот дискутант Грковска, која бараше изземање на одличните ученици од полагање матура, затоа што токму тој проблем правеше притисоци врз голем број одлични оценки во оценувањето на учениците. Овој закон е добро конципиран и прифатлив и токму заради тоа ЛП ќе го подржи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Првиот дел е идентичен со оној што беше за основното образование и тука не би имале многу што да додадеме, освен она што значи промена во членот 38, каде што повторно во Законот за средно образование, како и во Законот за основно образование, се наведени повеќе закони од 1995, 1996, 1997, 1999, 2002, 2003 и 2004 година. Значи повторно не најдуваме сили да донесеме еден закон, од кои ингеренциите на локалната самоуправа се зголемуваат и треба да имаме некој закон со кој ќе дојдеме во ситуација сите заедно да одиме понатаму.

Во однос на тоа што значи членот 5 и членот 6 ни дал свој коментар. Мислам дека она што значи државна матура, училишната матура и

завршниот испит ќе се применува од 2006/07 година, со сите овие реформски зафати за кои од Министерството веќе трета година добиваме информации дека постојано се работи на тие реформи, но сега испаѓа дека одредени ученици во државата веќе ги завршиле тие реформски активности и работат по една програма, а други не ги завршиле, останатите ќе треба да причекуваат за да може да ја полагаат државната матура.

Во однос на ова што се случи оваа година мислам дека треба да биде посебно искуство, затоа што учениците ги доведовме во крајно неблагопријатна состојба, до самиот ден на завршувањеето на школската година да не знаат на кој начин ќе ја полагаат матурата, дали одличните ќе полагаат, нема да полагаат, ќе се полага по Законот од 1994 година, по Законот од 1995 година и тоа направи една голема конфузија кај учениците и воопшто кај стручниот кадар во средното образование. Мислам дека ова вака како што е предложено е во ред, сега ќе се знае на почетокот на школската 2005/06 година дека завршниот испит за 2005/06 година ќе биде според Законот од 1994 година и тоа е дефинитивно така, а 2007 година е прва реформска година од која ќе почне да се применува законот и полагањето на државна матура, училишна матура и завршниот испит.

Во однос на коментарите за одличните ученици не треба да дојдеме во состојба токму поради овие закони да направиме ситуација "петка" да се добива само кога некој ќе сака да ја додели, за разлика од сега кога има ситуации да се делат можеби многу полесно од она што треба да биде, но во секој случај мора да има регулација на се ова што се случува во средното образование, за да ги добиеме вистинските кандидати на факултет.

Уште еднаш, господине заменик министер ќе кажам дека членот 7 исто како членот 3 од претходниот закон, повторно ќе инстистирам ова да го нема, бидејќи решавате многу работи со подзаконски акти повторно во еден закон да стои УСАИД мислам дека не е издржано и дека ова треба да го иземете. Ргулирајте го додека стојат тие регулативи во кои вие ќе ги одредите агенциите, установите кои ќе даваат можност за лиценци на директори, направете го тоа што поскоро, а ова мислам дека е нерегуларно да стои во законот, затоа што откако ќе издадете акредитација треба повторно да интервенираме уште еднаш и за основно и за средно образование за да ги избришеме овие членови од тие закони. Мислам дека за претходниот закон не го направивте тоа. Доколку постои можност јас би ве замолил со овој закон барем тоа да го направите, така ќе можеме да промениме само еден закон, а не два.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да му предложам на Собранието да гласа по заклучокот, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, посебно пратениците од етничките заедници за да го искористат своето право согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот.

Десет минути течат за кворум.

Во салата се присутни 63 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за средното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 за, нема воздржан 4 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 55 за, нема воздржан, 5 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на член 2 став 3 алинеја 1, член 2 став 1 и 4 и на член 7 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 гласале за, нема воздржани 4 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 15 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

За Предлогот на законот гласаа 15 пратеници, против нема, воздржан нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

**Минуваме на точката 18. - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Предлагачи пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева, Михајло Георгиевски, Илија Китановски, Ѓорѓи Паљошкоски и Илија Србиноски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и дописите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по  предлогот за донесување на законот.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, претставници на Министерството за образование. Група пратеници од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. . .

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, ако може само еден прекин. Им препорачувам на камерите да го прикажат ова горе, да се види кои пратеници притискаат, се откажуваат и си играат игри овде.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги, Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон го поднесовме неколку пратеници од Пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ и пратеникот Михајло Георгиевски од земјоделската партија.

Накратко ќе се обидам да ја образложам неопходноста и оправданоста на потребата за дополнување на Законот за основно образование. Како суштинска потреба за дополнување на Законот за основно образование е секако потребата од осовременување на образовниот процес во Република Македонија посебно во делот на основното образование каде карактерот, методологијата и средствата на образованието треба да бидат насочени кон целосно градење на психофизичкиот, интелектуалниот интегритет на младите, како и адекватниот пристап кон развојот на нивната личност и обезбедувањето на основи за позитивна реализација на нивните перспективи. Она што посебно се наметна како прашање во Република Македонија во делот на основното образование е перцепцијата на самата оправданост на потребата, дали е потребно младите да изучуваат вероучение и етичко образование како задолжителни предмети согласно наставниот план и наставните програми во основните училишта базирани на насоките на Бирото за развој на образованието во Република Македонија. Дилемите почитувани колеги околу тоа прашање во јавноста се дискутирани во повеќе наврати. Имено, лоцирањето на прашањето никогаш не беше поставено во неговиот суштински квалитет, туку секогаш добиваше негативни политички конотации со што директно се опструираше смислата на вероучението како наставен предмет. Во Република Македонија како пост социјалистичка земја прашањата околу изучувањето на верата неоправдано беа репресирани. Дури и во 1995 година во Законот за основно образование во членот 13 можеше да се најде ставот 2 во кој што се зборуваше дека во основното училиште не се дозволува организирање на верско образование. Но, со изменувањето и дополнувањето на Законот за основно образование во 2002 година овој став 2 е избришан, а со изменувањето и дополнувањето на Законот за основно образование од 2003 година е додаден нов став кој што гласи: "Во основното училиште се забранува истакнување на партиски и верски обележја". Но, да видиме како е поставено прашањето за изучувањето на веронауката во нашето соседство и во Европа. Во поранешните југословенски републики во Хрватска, БиХ и Србија кои преминот од монистичкиот во плуралистичкиот систем го поминаа најтешко, се реши и прашањето за веронауката. Ова исто така се однесува и на другите пост-социјалистички источно европски земји како што се Украина, Романија, Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија, Русија кои што ја воведоа веронауката во училиштата.

Почитувани пратеници, она што можев да го добијам како сознание е дека веронауката не постои во училиштата во Европските земји, само во Република Македонија во моментов и Република Албанија. Да видиме каде и како е застапена веронауката т.е. верската настава. Во Бугарија верската настава се изведува во рамките на предметот Религија кој е изборен предмет во основното образование. Во Србија веронауката е воведена во 2000-та година и тоа како изборен предмет во основните и средните училишта со алтернатива во предметот наречен

Граѓанско воспитание. Во Романија верската настава е задолжителна во основните училишта. Во Русија е оставено училиштата да можат да повикаат вероучители во договор со родителите. Во Грција веронауката е предвидена во сите училишта и сите степени во текот на еден 13 годишен циклус. Поуката за верата започнува уште во градинките а е задолжителен предмет за сите ученици чии што родители се православни христијани. Да погледнеме каква е состојбата во модерните европски демократски држави. Во Белгија веронаујката ја изведуваат секоја од шестте признати конфесии. Во Ирска, Германија и Шпанија веронауката е задолжителен предмет во основните и средните училишта, а факултативна е во Италија, Португалија и Хрватска. Во Луксембург веронауката е задолжителен предмет во основните, а изборен во средните училишта. Во Англија, Велс, Норвешка е задолжителен предмет во основните училишта, а изборен предмет е во Чешка и Словачка. Со потпишувањето на договорот помеѓу МПЦ во 2003 година со премиерот на Република Хрватска веронаука ќе може да посетуваат и македонските деца од православна вероисповест по два часа неделно во Република Хрватска. Заинтересираните ученици помлади од 15 години мораат да потпишат писмена изјава заедно со нивните родители за да го потврдат својот слободен избор на религискиот предмет. Тоа се искуствата кои што ги има во земјите околу нас и во земјите на ЕУ, а кои што ја тангираат проблематиката која што денес ја расправаме.

Во Уставот на Република Македонија почитувани колеги во Втората Глава каде што се сместени основните слободи и права на човекот и граѓанинот во членот 19 стои следната одредба: "се гарантира слободата на вероисповеста, се гарантира слободно, јавно, поединечно, или во заедница со други изразувањето на верата". МПЦ како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. МПЦ како и Исламската верска заедница во Македонија, Католилчката црква, Евангелско методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на специјални добротворни установи во постапка предвидена со Закон. Членот 19 од Уставот на Република Македонија јасно имплицира дека е воспоставен принципот на еднаквост помеѓу МПЦ, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи во Република Македонија и секако нивната одвоеност од државата. Но, толкувањето на одредбата сугерира две суштински асоцијации, тоа е еднаквоста и одвоеноста од државата. Одвоеноста од државата подразбира паралелно дејствување на државата како правно политичка организација и на религиозните институции предвидени во Уставот на Република Македонија. Со тоа почитувани колеги се отстранува можноста од форсирање на државна религија од самата држава, на избегнување на можностите од институционално вмешување на двата организациони облици, значи религиозниот и државниот во своите надлежности. Тука приоритетно е да се укаже на фактот дека вероучението не подразбира мешање на црквата во државните работи, туку напротив на вероучението мора да се гледа како на предмет, како на дел од образовниот систем кој што го предаваат теолози и социолози. Во спротивно смислата на уставната одредба добива толкување на тоталитарен концепт, бидејќи сугерира на синдромот забранета наука која не е својствена во ниеден демократски режим на современите општества.

Впрочем, тука е основниот проблем за изучување на вероучението во основното образование. Дали вероучението како образование е предвидено, е подведено под верско дејствување и организирање во основните училишта?

Самата лингвистичка конструкција на поимот образование не е компатибилен со поимите организирање и дејствуање, а уште помалку со социолошко-правната димензија на актот на извршувањето на активнсотите што се подведени под организирање и дејствување и не се сметаат за акти за извршување на активности како што е образованието.

Затоа, во Предлогот на закон се прави децидна дистинкција помеѓу вероучението и верското организирање и дејствување во основните училишта. Со оглед на фактот дека вероисповеста е приватна работа на граѓанинот, што подразбира дека тој може, но и не мора да биде припадникна одредена вера, во Предлогот на законот се дава можност, по барање на родителот, ученикот да го изучува предметот Запознавање на религиите. Со тоа се прави демократски компромис за оние граѓани кои не би сакале нивните деца суштински да го изучуваат вероучението како наука, туку да се запознаат со постојните реглигии во Република Македонија.

Во членот 13, со овој Предлог на закон, почитувани колеги, додадовме после ставот 2 уште 5 нови става. Тие гласат:

Став 1: "Изучувањето на наставниот предмет вероучение не се смета за верско организирање и дејствување во основните училишта".

Став 2: " Вероучението и етничкото образование се задолжителни наставни предмети утврдени во задолжителен наставен план и се изучуваат во различни учебни години".

Став 3: "Наставниот предмет вероучение е во согласност со религиската традиција на која припаѓаат учениците".

Став 4: "По барање на родителот или старателот на ученикот, наставниот предмет вероучение може да се замени со наставниот предмет

запознавање на религиите како задолжителен наставен предмет".

Став 5: "Наставниот план по наставнит епредмети вероучение, етичко образование и запознавање на религиите го изготвува Бирото за развој на образованието во соработка со верските заедници на Република Македонија".

Накратко ќе се осврнам на причините поради кои што се предлага ваквото решение што пред малку го образложив во Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, а тоа е потребата за дополнување на Наставниот план на основното образование, согласно со современите образовни процеси, базирани на меѓународно-правните начела и конвенции, преку одредбите на Универзалната декалрација за човекови права и Конвенцијата за правата на детето, според кои образованието треба да биде насочено кон целосниот развој на личноста и јакнењето на респектот кон човековите права и слободи, за да ја исполни целта да го унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството помеѓу нациите, етничките и религиските групи.

Правото на родителите од споменатата Декларација, кажано, да го изберат видот на образованието што треба да им биде дадено на нивните деца, кое што вклучува обезбедување на религиско и морално образование на нивните деца во согласност со сопствените убедувања.

И, уште една причина е тоа што религиското и моралното образование треба да бидат насочени кон развој на личност на детето и унапредување на почитта кон неговите сопствени, национални и културни вредности и вреднсотите на другите.

Почитувани колеги, доброто познавање на сопствената традиција е неопходен предуслов за подобро запознавање на другите и за изградба на односи што ги одликува взаемна толеранција и разбирање. Со изучувањето на духовните и етичките аспекти на човекот и континуираната едукација за смислата на разликите помеѓу различните верски ентитети ќе се создадат квалитетни позиции за социјализација на младите. Со тоа, општеството во Република Македонија ќе се здобие со меѓусебна доверба помеѓу младите, взаемно разбирање и толеранција, што неминовно ѓе ги етаблира и промовира демократските постулати на современите граѓански општества.

За таа цел, почитувани колеги, Бирото за развој на образованието во Република Македонија, во соработка со верските заедници ќе изготви наставен план и програма, приспособена на возраста на децата кои ќе ја следат наставата по наведените предмети, утврдувајки го потребниот борј на часови и годините и возраста на учениците кои ќе ги изучуваат предметите.

Воутврдената програма по предметот вероучение, дел од неговата содржина ќе биде посветен на споредбено изучување на религиите во Република Македонија. Тоа ќе создаде основ за спознавање на различностите на другите религии и разбирање на религиските чувства на другите деца, надминување на бариерите помеѓу децата по тој основ што произлегува од непознавање на различноста на вероисповеста на децата од други религии.

Со запознавањето на сопствената религија и компаративните аспекти на религиите во Република Македонија, како и на етичките принципи во општеството, ќе се создаде основа за профилирање на нови претпоставки за осовременување на образовниот процес во Република Македонија и развој на граѓанското општество.

Почитувани колеги,

Финансиски средства за новите предмети, новите програми што произлегуваат од овој закон ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија,од делот за образованието. Тоа е наведено во Предлогот на законот. Законот што го предлагаме е краток. Сметаме дека е доволно јасен и заради тоа предлагаме да се донесе во скратена постапка.

Ги повикувам, заради тоа, почитуваните колеги да дадат подршка на измените, односно дополнувањата на Законот за основно образование, со Предлог на закон.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Георгиевски имате збор.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата,

Велиме дека живееме во демократско општество. Зборот демократија подразбира гаранција за широка слобода на луѓето. Покрај другото во таа слобода се подразбира и слободата на јавно настапување, како и слободата за вероисповедување и верска настава во образовниот ситем.

Се случија повеќе општествено-политички и други промени во нашата држава, Република Македонија. А, прашањето за веронаука остана во иста положба како и во претходните атеистички системи, со мали исклучоци во 2002 година, се до неодамна кога од Уставниот суд е укината веронауката во основното образование, поточно во трето одделение.

Младите имаат потреба од веронаука. Тие се најголемите трагачи по непознатото и возвишеното. Ако не се насочат кон духовното и возвишените божји вредности, големи се можностите да се насочат кон некој од негативностите и пороците поради што секој родител стравува, а и општеството во целина. Преку веронаука, на младите души најавтентично ќе им се пренесе нивната вера, обичаи и здравите морални навики. Целта е преку веронауката да се просвети детскиот ум и срце.

Нашите основни и средни училишта, какви што се денес до сега обрнуваа повеќе внимание на умното развивање и просветување на развојот на интелектот, а останатите човечки вредности значителнос е запоставени. Тоа значи дека

училиштето не се грижи доволно да формира целосна личност, ниту пак влијае задоволувачки на карактерот и личноста. Тоа е затоа што од училиштето е отсутна верата, вероучението и етиката.

Веронауката има за цел да развива добродетели кај децата, како на пример љубов кон ближните, самопожртвованоста, достоинство на почит и т.н. Значајни се дипломите, стручноста и титулите, но особено е важно човекот да биде човек. Знаењето без моралот и духовноста може да биде дури и опасно, да служи за еклсоатирање на другите и за развивање на деструктивни цели. Потребна е и племенитост и реализам, жубов и пожртвуваност што, за жал, се повеќе се наоѓа, бидјеки кон тоа не се насочуваат учениците во училиштата.

Верата има значајна улога во животот на луѓето. Таа е сржта на човековата личност. Без верата не е можно да го преобразиме нашиот живот и да се подготвиме за возвишеното, духовното и вечното. Затоа, Волтер ќе рече "и ако не постои верата, таа треба да се измисли".

Некој ќе рече, ете има религиозни луѓе, па дури и црковни лица кои прават престапи и го прекршуваат законот. Да, но се работи за луѓе кои се откажале од моралните принципи што ги проповеда нивната вера. Тие сепак се исклучоци. Постојат и инкриминирани полицајци, но тоа не значи дека треба да се укине полицијата.

Науката објаснува како дејствувале икако дејствуваат природните сили. Но не и зошто, по чија замисла и со каква цел. Таа постојано се обидува, но не дава и не може да даде комплетна и конечна вистина за природата. И науката и верата имаат за задача човекот да го направат подобар. Тоа не може да го направи само едното од нив, затоа што човекот е и телесно и духовно битие. Двојната природа на човекот бара и двојна грижа за него. Па затоа, најдобро ќе се обликува човековата личност ако во тоа учествува и верата и науката.

Чистата вера и вистинската наука никогаш не си противречат. Само псеудорелигијата и псеудонауката се претенциозни и се исклучуваат. А, вистинската вера и наука се секогаш во хармонија.

Училиштето треба да создава големи умови и научници, а веронауката во тоа ќе помогне, исполнувајки ги тие луѓе со човечност, добродетелство, чесност, праведност и светост.

Верската настава е потребна и за разбирање и развој на културата, затоа што нема виситнска култура без вера. Посебно кај нас, каде што сета култура во минатото е суштински свзана со верата.

Веронауката не се состои од приказни и бајки кои, заради својата различност стануваат опасност за општеството. Православната веронаука во својата програма, освен што го има предвидено учителниот дел, посебно внимание обрнув ана науката од областа на моралот и етиката, со што дава посебен прилог во воспитниот процес. Каде и кога во училиштата децата ќе размислуваат и ќе се поучуваат за доброто, взаемната помош, значењето на праведноста, пожртвуваноста, за човекољубието, за добродетелите, за почитта кон родителите, кон ближните и прифаќање на неближните. А, сето тоа создава стабилна подлога за избргнување на конфликтни состојби и станува значаен фактор во надминвуањето на постоечките проблеми и разбирања. Тие вредности не ги проповеда само христијанската вера, туку и исламската и другите.

Понраму сакав да кажувам како е во Европа, како е кај нас, но бидејки мојата колешка Бонева тоа го кажа, овој дел ќе го прескокнам.

Да се биде против воведување на веронаука, почитувани пратеници, значи да се биде против правата и слободата на граѓаните во Република Македонија. Во текот на изминатите години ниту едно дете не беше присилено на поука на верата. Ниту тоа се случуваше без согласност на родителтие. А, значителен дел, според нашите сознанија позитивно ја оценија. Дали некој се плаши да го слушне гласот на народот и заради недавање на прво на избор е еден вид современа инквизиција, задскриена зад плаштот на божевната грижа за едно идно кохезиско општество.

На крајот, почитувани дами и господо пратеници, давајки го вашиот ценет глас за воведување на веронаука во основните училишта како изборен предмет, со етика, ќе придонесете да се исправи една голема неправда од огромно значење за заживувањето на демократските процеси во нашето современо општествено живеење.

Со воведувањето на веронаука предавана од квалификувани лица со соодветно образование, ќе се избегнат квази науките од неквалификувани луѓе кои повеќе го шират суеверието и верскиот фундаментализам и нанесуваат несогледливи последици во општеството.

Затоа, ги повикувам сите разумни пратеници да го изгласаме овој значаен закон.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Блгодарам.

Господине Китановски вие се откажавте.

Госпоѓице Грковска, ако следевте горе, се откажа господинот Китановски, сега сте вие на ред, повелете.

Се андевам дека нема повторно да се пријавите господине Китановски.

(Пратеникот Китановски Илија од место потврдува дека ќе се пријави).

А, сигурно. Добро, ќе измислиме систем, еднаш кога ќе се пријавите да не можете да се одјавите. Кога ќе дојдете на ред. Има и за тоа лек.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз со исклучително внимание секогаш ги разгледува предлозите што доаѓаат од

пратениците и го почитува трудот што го вложуваат при предлагање на законски решенија. Меѓутоа, за жал,овој пат ние не може да го пдоржиме овој законски предлог, заради тоа што наставните планови и програми не се предмет што се регулира со Законот за основно образование, туку се ингиренции на Бирото за развој на образованието. И покрај тоа што тука беа истакнати примери од различни земји, мислам дека треба да бидеме повнимателни во тој сегмент.

На приемр Грција, не може да биде добар пример што треба да го следиме, со тоа што во Грција црквата и државата не се одвоени. Има разлика помеѓу факултативни и изборни предмети. Ако има факултативен предмет, со примерот во Италија, тогаш има поголем дел. Друга е пак тежината на изборните предмети и т.н. Значи, тоа е нешто што не се регулира со закон, туку останува како обврска на стручните лица во Министерството за образование. Мислам дека треба ова повеќе да се сфати во насока на препорака за оние кои во иднина ќе ги креираат наставните планови и програми да имаат во предвид дали ваква аидеа би можела да биде прифатена.

Од тие причини, пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз ќе гласа против донесувањето на ваквиот закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Анастасовски, подготвени?

Повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Колеги пратеници, господо предлагачи,

Јас секогаш сум говорел дека навистина имам позитивеноднос кон иницијативи што доаѓаат од коелги пратеници, затоа што тоа Уставот им го дозволува и затоа што коелгите пратеници мора да седнат, да сработат, да потрошат од своето време за да изготват одреден законски проект.

Сега, пред нас е законто за изменување и дополнување на Законот за основно образование, што ако не се лажам,истата иницијатива беше на дневен ред пред годинаипол, исто така од двајца коелги пратеници од опозицијата. И тогаш, како и сега што кажа колешката Славица Грковска, мнозинството го отфрли тој закон. Јас од тој аспект, од заложбата што ја нарпавија колегите пратеници, навистина имам позитивен однос.

Меѓутоа, од друга страна треба да ја погледнеме реалноста и она што значи Закон за основно образование. И тогаш апелирав до тие предлагачи да го повлечат тој закон и сега би сакал да апелирам до предлагачите, исто така, ова законско решение да го повлечат. Зошто?

Колешката Бонева добро објасни во своето образложение од кои причини, како, дека потребата доаѓа од дополнување на наставните планови и потреби и редица други потреби за кои што смета дека е потребно изменување на Законот за основно образование во овој дел.

Меѓутоа, од друга страна, во членот 13 каде што и самите пратеници бараат да се промени овој закон кажува дека се забранува верско и политичко дејствување во основните училишта. Значи тоа стои како такво.

Од друга страна најверојатно во она што значи дополнувањето на тој член со одредени нови 4 или 5 става се користи терминот вероучение. Но, еве и господинот Михајловски како еден од предлагачите го користи терминот веронаука. Сите ние дали по инерција го користиме терминот веронаука, кој е прифатлив и постои како таков. Меѓутоа, верувајте, јас проверив во одредени енциклопедии термин вероучение не сретнав, сретнав вероучител од една страна. Се консултирав со одредени лектори, навистина ми кажаа дека таков термин не постои во моментов. Сигурно дека предлагачот ќе си земе збор за да тоа ми го објасни и ми го дополни. Јас само коментирам дека не сретнав она што го консултирав и со кои луѓе се консултирав. Најверојатно под еден таков термин сака да се сокрие оваа намера и да се протне она што значи членот 13 кој кажува дека во основното образование е забрането верското и политикото дејствување. Потоа се додаваат новите ставови каде се протнува овој термин. Во спротивност сите ние го користиме терминот веронаука.

За тоа ќе барам дополнување некој од предлагачите ако најде за сходно да ми го одговорат тоа, бидејќи сметам дека нема простор во нашиот закон за основно образование да вметнеме вакви одредби.

Ќе имаме прилика понатаму во однос на точките од дневен ред да говориме за Законот за биро за развој на образованието, институција која вие ја спомнувате во Законот и која во моментот е единствена законска форма каде се уредуваат наставните планови и програми за основно образовние.

За жал немаме други патишта, тоа е единствениот пат преку Бирото за развој на образованието. Тука ќе можеме да ги кажеме сите наши забелешки, јас си земам за право во однос на тоа како се уредуваат нашите наставни планови и програми и на кое ниво се во моментов нашите планови и програми.

Исто така со колегата Макрадули имавме една ваква иницијатива за информатика и странски јазици да се воведат како задолжителни, изборни, факултативни, бидејќи законот дозволува да вметнеме во нашиот закон. Меѓутоа, ни одговорија дека единствениот пат во моментот на таквите барања од наша страна е таа институција Бирото за развој на образованието. Ние се обративме до таму, но за жал до ден денес немаме повратна информација од таму. Меѓутоа, немаме други модели. Тоа е во моментот единствениот модел. Таму треба да се интервенира за да успееме во задолжителни, изборни, факултативни да ставиме одредени

предмети за кои мислиме дека се и перспективни и има интерес кај младите основци да ги изучуваат тие предмети како такви, а јас верувам дека има интерес за тоа. И за веронауката и за информатиката и за странските јазици за да можат нашите основци за сето тоа да го изберат на некој начин. Меѓутоа, во моментот Законот за основно образование е така поставен.

Правејќи некои консултации по однос на ова консултирав одредени закони од Словенија и Хрватска каде во Хрватска постои ова вие што го барате. Меѓутоа, Законот за основно образование во Хрватска е поставен на такви основи за да е можно да се изведе со законска регулатива и е одобрено со закон. Истото тоа е и во Словенија. Тоа се навистина закони кои се усогласени со европските регулативи, бидејќи знаеме Словенија е земја членка на Европската Унија, Хрватска е сериозен аспирант за влез во Европската Унија. Тоа постои во тие закони. Тоа го говорам јавно, но таква е поставеноста на тој закон и затоа мислам и тогаш истото го говорев дека сакајќи со една ваква формулација да се протне во законот, пак останува она што значи забрането верско и политичко дејствување во основното образование. Барем јас така гледам и во овој момент така ги сваќам работите дека преку тоа вие сакате ова да го протнете со закон ова решение за изучување на овој предмет.

Но, би ви препорачал и на вас истото што го направивме и ние пратеници иницијативно да бараме преку моментално надлежна институција за уредување на наставните планови и програми во Република Македонија од една страна, а потоа во однос на Законот за бирото за развој на образованието сите заедно да инервенираме за да можеме тоа да го направиме посовршено и поквалитетно и да имаме простор ние како пратеници со вакви иницијативи да делуваме на самите наставни планови и програми.

Во овој момент ние го немаме тоа. Ние ја немаме таквата можност. Значи од тој аспект и тогаш и сега јас препорачувам да се повлече ова законско решение, бидејќи единствена алтернатива за мене е да гласам против ова законско решение, а реков дека немам негативен однос спрема тоа.

Од тие причини јас ќе гласам против ова законско решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, реплика од три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван колега Атанасовски, ова е законодавен дом и тука треба да носиме закони. Дали Владата ќе го одобри, дали е прифатено од Бирото, мислам дека е тука местото каде овие закони треба да ги донесеме. Ако ние меѓу себе имаме доверба и ако ова што вие го говоревте дека законски е решено во Словенија, Хрватска истото функционира и во Шпанија, Италија, Франција, Англија и незнам уште во кои држави во светот, да не говорам за Грција каде Грчката православна црква е дел од државата, дали тие се договориле со европскиот устав или не, апсолутно е небитно.

Ова е трет закон кој го предлагаат пратеници, претходните два ги предложивме ние, ова е трет закон и според мене само доблеста на нас пратениците е таа што ќе одлучи дали овој закон ќе помине или нема да помине. Бирото за образование за кое допрва ќе треба да разговараме ќе може да најде начин како сето ова да го вметне во образовната програма и тоа да функционира во нашите основни училишта.Битно е нешто друго. Моралот и етиката се сведени на нула во ова општество и време е да се направи таа прекретница, еднаш треба да прекинеме со сето она што до сега ние како ученици сме го имале или сме го немале воопшто и сеуште не си ги знаеме нашите традиции оние што можеле од своите баби и дедовци да научат - научиле, но очигледно дека и од нив голем дел биле оштетени во тие 50 години развој на Република Македонија.

Затоа мислам дека е време конечно моралот, етиката, веронауката да влезат на голема врата во нашиот образоввен систем и да добиваме луѓе и граѓани кои ќе ги почитуваат тие норми. Вака на овој начин како што сега функционираме апсолутно со едни пароли еден е животот, еден е изборот, а не знаеме што кажуваме со тие пароли, мислам дека нема далеку да стигнеме.
Затоа вклучете се, размислувајте момент е ние да пресечеме како пратеници, нас не избрал народот, ова е законодавен дом и дајте еднаш да се договориме дека одлуката треба да ја донесеме ние, ниту Владата, ниту Бирото, ниту министерот за образование. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Анастасовски, една минута контра реплика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас мислам господине Мавровски сме на исто. Нормално е дека ние овде носиме закони, меѓутоа, сега се работи за нешто кое не можеме во моментот да го регулираме законски. Јас во својот говор бев јасен. Немаше ни пароли, ни памфлети ни некои лажни ветувања. Кажав каква е моментална законската процедура за да се дојде до наставни планови и програми. Во моментот не е така кај нас. Го кажав примерот за кој јас лично знам, тоа е примерот на Хрватска, тоа е примерот на Словенија, не знам примерот за Австрија, Шведска, Унгарија, тоа вие ги кажавте, кажав за оние кои јас ги консултирав и реков сосема одлучно дека тоа таму како такво постои. Кај нас е сосема поинаку, а тоа ќе го прочитате во членот 13 ставот 1 и 2 и ќе се уверите во тоа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, три минути.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, ова е законодавен дом. Многу убаво кажавте дека во Словенија и Хрватска имаат законски основ во нивните закони и се дава можност за верско учење или веронаука и дека нивното законодавство е усогласено со законодавството

на ЕУ. Наша тенденција е тоа да го усогласуваме нашето законодавство со законодавството на ЕУ. Ние сме тие што правиме закони, ова е законодавниот дом и мислам дека не постои во тој однос пречка ниту пак во постојните решенија кои се дадени во законот за основно образование, бидејќи ако беше така како што сега вие кажувате дека со законот за основно образование се изедначува верското и политичкото дејствување со вероучењето и веронауката, тоа не е точно и не е забрането, бидејќи ако беше така, тогаш немаше да се избрише од 1995 година ставот 2 од Законот како што гласеше тогаш дека во основното училиште не се дозволува организирање на верско образование. Веќе ваква содржина немаме во нашиот закон за основно образование, тоа е исфрлено, не постои пречка ниту пак можеме да изедначуваме верско дејствување со верско образование, бидејќи Бирото за развој на образованието ги изготвува програмите во кои има споредбени изучувања на религиите и содржина од вероучението на учениците согласно нивната вероисповест. Значи Бирото за развој ги прави програмите, не ги прави некоја верска институција за да се создаде основ за нејзино верско дејствување.

Значи, верско образование и верско дејствување и политичко дејствување се сосема различни работи и во Законот за основно образование повеќе немаме пречка бидејќи е избришан ставот со кој не се дозволува организирање на верско образование.

Мислам дека е тоа убава можност по трет пат, бидејќи се доставува вакво закон во Собранието на Република Македонија да има разбирање кај пратениците за потребите на мноштвото граѓани во Република Македонија и за нивното право јасно утврдено во меѓународните декларации. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Добро вие како предлагачи многу добро сте го разгледале Законот за основно образование и коментарот во тој дел ви го оставам вам, но да знаете една работа. Ако е така во тој случај вие со закон само верското учење го ставате над другите кои можат да бидат како задолжително изборни или не знам во каква факултативна форма. Значи го ставата на другите како што е етика. Информатика, јазици и ред други, меѓутоа добро рековте ние треба исто како Хрватска и како Словенија да го усогласуваме нашето законодавство со европското. За тоа ќе бидам секогаш, но нашето законодавствско со вашето партиско не би сакал да го усогласуваме.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стаменков вашите три минути.

**Ванчо Стаменков:** Колегата кажа дека ако се донесе овој закон значи дека ќе згрешиме исто и колешката претходно од СДСМ. Јас знам дека во Македонија парламентарната демократија е тоа што ќе се донесе во овој Парламент мора да се спроведе и да се усогласат сите други спрема тој закон. Така што тоа не држи место. Сметам дека е само изговор за да се скрие стравот од воведувањето на веронауката во образованието.

Не знам зошто таков страв постои кај господата од СДСМ од верата. Тоа не е јасно, а изгледа не се запознаени или не прочитале ништо од тој дел, па не знаат колку позитивни работи има таму и што ќе придонесе ова учење односно веронауката за подобрување односно за изградбаа на се подобар млад човек и поквалитетен подобро да ги осознае животните проблеми и како да дејствува во својот развој.

Инаку, гледаме дека во Македонија се повеќе постои злоба и може да се каже се повеќе добивме една нација која се мрази меѓу себе.

Сакам да спомнам уште еден момент кој го кажав дека во споредба со другите предмети веронауката не може да се споредува ниту со информатика ниту со странски јазик, тоа е наука која е сеопфатна и која му е потребна на секој човек да се изгради. Не очекувам тука да се ставаат оценки или тие луѓе да ги правиме тоа да им биде професија, туку едноставно да им помогнеме да се изградат како личности. Тоа е целта на веронауката и сигурен сум дека ќе бидат покултурни тие луѓе и многу почовечни во своето однесување од овие генерации кои без веронаука завршиле образование.

Она за дејствувањето не држи и не сакам да ја повторувам колешката Бонева, таа тоа го кажа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Георгиевски, вашите три минути.

**Михајло Георгиевски:** Околу термините што ги истакна Атанасовски овде прво веронаука или вероучение.

Веронаука е постар термин кој го изучуваа нашите татковци и дедовци. Тоа е во времето пред доаѓањето на комунизмот.

Вероучение е понов термин и тоа не е згрешено. Значи, вероучение е учење на верата. Веронаука е верска наука. Значи, наука за верата. Значи и тоа не е грешно ни ова е грешно. Едниот е постар, другиот е понов термин. Може да се употребува и едното и другото. Мислам дека треба да се определиме како е традицијата, по мое мислење веронауката е поприфатливо, но не е грешен ни вероучение.

Околу другата работа која е битна според господинот Атанасовски тоа е верско дејствување и верска настава. Верско дејствување се мисли на политичко дејствување од аспект на верата и наметнување на нешто што е неприродно, а вероучение учење на добрите страни во верата. Затоа тие два термина не се адекватни и не се косат во тој член. Може и понатаму да си постои член верско дејствување, се мисли на политичко дејствување, а верско учење е сосема друго легално со стручни лица и со програма која е пропишана од Бирото за

образование и наука. Околу термините е тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Анастасовски, ајде да ги расчистиме термините.

**Иван Анастасовски:** Јас навистина немав намера, но сакам да му одговорам на господинот Михајло, го почитувам, бидејќи тој на два пати е предлагач на истиот овој закон, меѓутоа, сега во улога на предлагач ни понуди друг термин од она што го напиша терминот во законот и затоа ме збуни едноставно и јас реагирав од тој аспект, бидејќи тој како предлагач вели веронаука, новиот став вели вероучение и добро е што господинот кого го почитувам даде дополнително образложение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Мислам дека на сите ни е доста.

Господинот Камчев не е тука.

Повелете госпоѓо Андова имате збор.

**Ана Андова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, дозволете накратко да се осврнам по овој Предлог на закон. Ние еднаш веќе расправавме по еден многу сличен предлог за донесување на еден многу сличен закон и нема да се повторувам во дискусијата со моите колеги кои претходно дискутираа, би сакала само неколку наводи да изнесам.

Во член 1 став 1 се тргнува во дефиниција со негативна конотација, што не е вероучение, како што предлагачите го нарекуваат. За самиот термин во оваа пригода нема да коментирам, а последниот став од овој член е сосема паушален и непрецизен и прешgroк и не претставува конкретна законска одредба која би предизвикала конкретни импликации за примена на истото што во овој последен став се очекува.

Сега многу конкретно како мој став, не сакам да ги повторувам моите колеги, дозволете да го истакнам следното и да го поврзам со она што значи предмет на нашата работа како Собрание.

Ние донесовме многу закони во чија основа е принципот на етичност. Закон за спречување на перење на пари, за спречување на разни видови монополи, за заштита на правата на потрошувачите, Закон за заштита на сведоци, Закон за електронски комуникации, очекуваме закони кои ќе се однесуваат за користењето на информатичката технологија, Закон за заштита на авторски и сродни права, пакетот закони за животна средина и екологија и други спомнати и неспомнати, во моментот не ми паѓа на памет, меѓутоа има некои кои можат поконкретно да се издвојат.

Бидејќи согласно Универзалната декларација за човекови права и Конвенцијата за правата на детето според кои образованието треба да биде насочено кон целосен развој на личноста и јакнењето на респектот кон човековите права и слободи за да ја исполни целта, да го унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу нациите, етничките и религиските групи, бидејќи ставовите за моралните вредности се формираат како дел од структурата на личноста уште во најрана возраст, тогаш ако ние сакаме законите кои  како Собрание тука ги донесуваме и сакаме истите да го активираат етичкиот од тогаш треба расправата да ја организираме на едно подруго ниво за етичко образование уште од најрана возраст, тогаш кога се формираат моралните ставови од причина што етиката станува императив на денешнината. Биоетика, информатичка етика, деловна етика, бизнис етика и сл., затоа што и доброто и злото добиваат нови содржини и можеби би можело да се случи, зошто и да не, еве предлагам сите пратеници од македонскиот Парламент да изелзат со иницијатива пред Бирото за основно образование за етичко изучување уште од најрана возраст согласно принципите кои претходно ги наведов. Експертите да го направат тоа на начин и методологија на примерена и соодветно на возраста на децата.

Да заклучам, во стилот на нашиот претседател се надевам дека нема да ми замерите господине претседател светот се менува и ќе продолжи да го прави тоа, но тоа не значи дека треба да ја прекинеме потрагата по временските принципи, бидејќи практиката постојано се менува, евоулира, а законите остануваат релативно исти. Да, специфичната апликација ќе се промени на одредени непроменливи закони на организираното човеково извршување ќе останат исти. Тоа значи дека нас ни треба нова апликација а тоа е етичко образование уште од најрана возраст.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски вие за реплика ли за збор.

(За реплика).

Повелете три минути.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Накратко би реплицирал на колешката Андова, за кое што мислам сосема неоправдано ја постави дилемата воведување на вероучение или етика. Мислам дека нашиот предлог е јасен, а во оваа реплика ќе се обидам накратко да образложам што е тоа, зошто не треба да има дилема меѓу етика или вероучение, туку етика и вероучение.

Затоа што несериозен структурен проблем кој што би можел да настане во образовниот систем би бил кога овие две науки или учења би биле поставени како алтернативи или како спротивставени. Тие тоа не се ниту по содржината ниту по задачите ниту по целите. Ако на ваков начин воведеме природен извор основниот проблем се лоцира во погрешното сфаќање дека етиката е спротивна на вероучението или на веронауката. Овие два предмета напротив не се изучуваат туку се дополнуваат во разгледувањето на многуте теми.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Андова една минута.

**Ана Андова:** Благодарам за репликата.

Почитуван колега Китановски, меѓутоа не смеете да си дозволите да кажете дека нечиј став е неоправдан. Етиката е сосема оправдана основа за сечија дискусија меѓуто етиката е поширок поим и во обем и во содржина. Во тој обем и во таа содржина влегува правото на слободен избор, а правото на слободен избор меѓу другото е и слободен избор на религија, учење на религија и тн.

Јас во врска со вашиот Предлог на закон од друг аспект го поставив прашањето, на што имам сосема право и на тој став останувам, правото на слободен избор како највисок етички принцип.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева и вие имате право на реплика три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Со еден дел од дискусијата на колешката Андова сосема се согласувам, а тоа е дека е потребно етичко образование од најрана возраст, бидејќи и вероучението исто така е етичко образование и заради тоа апсолутно ја поддржувам во овој дел колешката.

Нема потреба воопшто да излегуваме пред Бирото за развој на образованието за да бараме реализација на вакви програми какви што сега нудиме за вероучение и етичко образование бидејќи ако можеле други земји тоа да го направат преку парламенти, преку нивните законодавни домови, сметам дека има потенцијал и Република Македонија преку нејзиното Собрание да направи измена на законите кои што ќе овозможат вероучение да се изучува во основните училишта во државата Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Андова, една минута.

**Ана Андова:** Се разбира дека наше право и наша обврска е да донесуваме закони и да нудиме измени и дополнувања на постоечките закони, меѓутоа дозволете уште еднаш да кажам дека Предлогот кој беше пред нас тука со оглед на комплексноста на темата, на прашањето кое го засегнува во само два члена дозволете да кажеме дека е несериозно.

За да се предложи одреден закон мора да се познаваат принципите на кои тој закон ќе се заснива и она што треба да го имплицира како практична примена.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Груевски повелете имате збор.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, почитувани гости,

Денеска на дневен ред е точка со која што се предлага промена на Законот за образование, точка со која што се предлага воведување на два предмета во основното образование како одделни предмети - етика како одделен предмет кој што би требало да го изучуваат основците и веронаука или вероучение како одделен предмет кој што исто така е исклучителен важен во развојот на еден млад човек, во изградбата на неговиот карактер, навики и воопшто во изградбата на неговиот дух.

Во основа почитувани пратеници и едниот и другиот предмет, и етиката и веронауката и двата учат за позитивни нешта, за позитивни вредности. Го учат младиот човек за она што се вика позитивна вредност. И двата се насочени кон обврзување на моралот, нешто и тоа како недостасува досега во Република Македонија во овие 15 години, а да не зборувам за 50-те години претходно. Обврзување на моралот, на личноста, а преку сите личности преку обврзување на моралот на граѓаните на Република Македонија, младите генерации на некој начин ќе се издигне и степенот на морал и свест на целата нација. Би рекол едно од најважните образованија што треба да ги има еден млад човек и едно од приоритетите на секое општество и на секоја држава. Ако ги погледаме светските искуства што велат тие. Велат дека веронауката се изучува во поголемиот број држави, некаде факултативен некаде задолжителен. Факултативен во некои околни држави (Бугарија, Романија, Србија и Црна Гора, Грција, Унгарија, Полска), додека како задолжителен, веројатно за ваше чудење, за оние што гледам дека не им е прифатливо воведувањето на веронауката или вероучението во Германија, во Франција, Англија, Шпанија, Норвешка, Италија, Хрватска и тн. и тн. Значи во најголемиот дел држави, а забележувате оние кои што цивилизациски се понапред отидени, оние кои што се поразвиени, оние кои што најдалеку отишле во информатичкото општество, како што некој предл малку го спомна, оние кои што најдалеку отишле и во економијата и во многу други области токму кај нив не со децении, можеби со векови постои, воведено е и се практикува верското образование, затоа што тоа учи на позитивни нешта, затоа што тоа учи за моралот на младите луѓе, затоа што тоа учи за позитивен пристап кон животот.

Да не зборуваме за вториот предмет, за етиката кој што се изучува во без малку сите држави во светот. Тешко можете да најдете држави каде што предметот етика не се изучува, а во најголемиот дел паралелно се изучува и предметот веронаука и вероучение. Верувам дека навистина голема ќе биде добивката од воведувањето на моралното образование во Република Македонија затоа што како сплет на многу околности моралниот систем во нашата држава уништија разно разни политички комесари во минатото кои што развија еден одреден сурогат религиозен систем чија што појдовна точка беше неверувањето во Бога. А тој Бог беше неизбешно супституиран со наметнување на измислени политички величини. Но, за жал, овој концепт се покажа поразувачки неуспешен затоа што денеска наместо нации кои знаат инфиктивно да го разликуваат доблесното

од малициозното. Имаме генерации кои фетишезираат лидери и чија што основна култура е леснотијата на турбо фолкот, а се позабележлива нивна одлика е ерозијата на моралните вредности. Токму на овој начин со отфрлање на моралот од училиштата пред повеќе од половина век е омаловажена не само црквата, пред се омаловажено е училиштето и образованието на младите. Најмалку заради ова добро би било да се почне поодговорно да се разлгедува ова прашање кое се однесува меѓу другото и на мисијата на црквата, но пред се и над се на суштинската улога на образованието во нашите животи. Значи, моралното образование во ниту еден момент нема и не може да го загрози образовниот систем на Република Македонија. Напротив, очекувам токму со вакви поуки конечно да се заокружи образовниот систем или да биде дел од тоа заокружување со компонентата која што недостасуваше досега, односно со ситната компонента и моралната компонента на образовниот систем.

Ова образование гради кај младите свет, свет на осуда, свет на негативни појави. Поточно општествена свест за јавна осуда. Не само законска туку јавна. Јавната осуда произлегува секогаш од јавната свест и многу работи во едно општество се решаваат со издигната и изградена јавна свест. не доаѓа до примена односно до спроведување на санкции на закони.

Во земјите, почитувани пратеници каде што комунизмот ја забрани црквата цели 45-50 години можете да забележите дека има многу поголеми прекршувања на законот. Има многу повеќе кражби, убиства, измама и сл. И самата власт, и самата држава има многу повеќе потешкотии да го спроведе законот што го донел Парламентот, да го спроведе тој закон отколку во другите држави во кои што се негува традицијата на црквата, на вероучението, во кои што се верува и се поттикнува почитта кон Бога. Постојат илјадници законски престапи секој ден, кои што не се забележуваат или не се наоѓаат од страна на истражните органи. Тука најмногу може да помогне личната свест и личната совест на поединецот за тоа што е добро а што е лошо и што е тоа што треба да се избегнува односно да не се прави. Без намера да идеализирам некои моменти сепак ќе се согласите дека грижата на совест за неправда или за злочин во некои ситуации не се учи од закон. Таа човек или ја стекнува или не ја стекнува додека е млад, додека се изградува како личност. Поедноставно кажано со спроведувањето на законите може да има само корист од присуството на лична совест. Или дури ако сакате присуство на чувство на страв од божји суд за сторен грев, за сторена неправда или пак за сторен злочин. Тоа е најдобриот начин едно општество или една држава во еден период од 10,20,30 или 50 години да изгради народ со високи морални вредности, со висока свест. Со еден квалитет кој не случајно го негуваат токму најбогатите, најразвиените држави во светот, оние кои што најмногу стигнале во развојот на цивилизацијата, претходно ги спомнав Германија, Англија, Франција, Италија, Норвешка и тн. и тн.

Еве да се прашаме почитувани пратеници на што учи црквата. Од што некој се плаши три години да се донесе закон со кој што младите ќе се образуваат со вероучение. Зошто постојано бараме дека не чини некој член во законот, можеби требало со друг закон, па некое биро требало да се вмеша, се е тука само некоја техничка работа недостасува или нешто е погрешно спроведено. Ако беше така и ако беше проблем што претходно два пати кога ВМРО-ДПМНЕ и опозицијата поднесе ваков закон и беше одбиен досега самата Влада или пратениците кои што имаат мнозинство во овој Парламент ќе најдеа начин и законски да го регулираат и да го воведат вероучението и етиката во основното образование. Но очигледно дека тоа се изговори, а суштината е сосема друга. Суштината е дека некој не сака да се воведат овие два предмети за изучување во основното образование. Ќе кажам уште еднаш, сето она што се изучува и што ќе им се предава на младите луѓе она што го учи црквата се позитивни вредности, вредности кои што го образуваат карактерот - не кради, не убивај, не лажи, љуби ги ближните свои, почитувај ги родителите. Тоа се пораките кои што ги испраќа црквата. Тоа се пораките што ќе ги учат тие млади генерации, тоа се пораките и тоа се вредностите на кои што треба да се учат младите луѓе. Се што ќе прочитате во црковните книги почитувани пратеници учи кон тоа секој поединец да ги почитува другите околу него, да не биде себичен туку да споделува со другите, да не биде премногу горделив туку скромен, да не биде алчен, да помага на другите, да помага на посиромашните, да се моли за здравје, за среќа, за мир, за разум. Тоа е она што треба да се воведе а нешто што гледам дека некој има некаков страв или некаква резерва, или некаква дистанца.

Ова почитувани пратеници подеднакво е важно кога зборуваме за севкупниот општествен живот. Моралните вредности ги гледаме и во бизнис. Не е случајно што во некоја држава има премногу пристапи во бизнисот, а во други држави има помалку пристап. Не е случајно што во некоја држава има бизнис клима, во друга нема бизнис клима. Не е случајно што некои инвеститори одат во други држави да инвестираат, затоа што велат таму има помалку неправилности, има овеќе ред. А, што значи повеќе ред? Повеќе ред значи почитување на законите но и помалку правење на престапи. Овие предмети можат младите генерации да ги учат само кон повеќе разбирање, кон повеќе ред, кон повеќе позитивни и морални вредности.

Секако некој ќе рече дека сето ова што го зборувам е дело и на времето во кое живееме, на сиромаштијата итн. Но, јас ќе кажам дека најголемата сиромаштија е сиромаштијата на духот и сиромаштијата на моралот. Кога тука

еден човек, или една нација е сиромашна, тоа е најтешката сиромаштија од која тешко се излегува, а брзо се запаѓа во уште поголема сиромаштија, и духовна и материјална.

Овие предмети се одлична можност, покрај учењето на позитивните вредности на својата религија и втемелувањето на љубов кон својата вера и Бог и божјите закони и барање за начин на живот, овие предмети се исто така добра можност за изучување и на другите религии. Во еден дел од школската година може, така пишува во образложението, да се запознаат и другите религии. Можноста за изучување на различни религии, покрај подлабокото изучување на својата, сигурно ќе придонесе за поголемо разбирање во една мултиетничка заедница и меѓусебно поголемо почитување , наместо меѓурелигиска омраза. Сите знаеме дека моралот се гради, моралот се учи најдобро, најбрзо, најефикасно се учи, кога човек е млад. Ова се само неколку аспекти што сакам да ги напоменам и да ве убедам дека сепак, овој закон ќе биде многу корисен доколку го прифатиме и не го одложуваме понатаму, господине министре. И уште еднаш ќе кажам ако толку имате резерви кон овој закон, запрашајте се уште еднаш , зошто токму во најразвиените држави во светот кои што ги набројав како Германија, Англија, Франција, Италија итн, зошто токму во тие со децении, со векови е воведена веронауката и етиката како предмети кои што се изучуваат и се почитуваат и никој во тие држави не вели дека тие можат да бидат проблематични, па ние треба да одиме кон информатичко општество. Се разбира дека треба да одиме и ќе одиме кон информатичко општество, како што отишле сите овие држави. Меѓутоа, оваа е друга димензија. Оваа е друга димензија за учење на младите луѓе за она што се вика морално образование. Јас се надевам дека некои жигови од минатото не останале подлабоко врежани за да мора да чекаме биолошка промена на некои генерации, за да следните генерации учат она што го учат младите луѓе во сите развиени држави во светот. Ви благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам . Пријавете се за реплика, бидејќи правилото е од како ќе почниме со првата реплика нема реплика.

Госпоѓице Грковска, три минути реплика.

**Славица Грковска:** Господине Груевски прво предлагате измени на Законот за основно образование, а не за Законот за образование , за разлика од другите држави во Европа, во Македонија нема закон за образование.

Второ, како еден од аргументите што ги дадовте, велите дека предметот веронаука се донесува за владеење на ред во државите, каде што тој предмет е задолжителен, а од друга страна велите дека три години овој закон не се донесува, заради тоа што има разни изговори, дека неможе со овој закон, дека треба со друг и дека требало Бирото, дека незнам кој. А во суштина, ако некој го почитува редот, тогаш треба да почитува дека редот е Бирото за развој на образованието да предлага, да ги изготвува наставните планови и програми, а Министерството да ги носи. И ние тој ред како пратеници сме должни да го почитуваме.

Се согласувам за се што велите, какво е влијанието на веронауката, се надевам дека кога зборувавте цело време за црквата мислевте и на другите верски објекти, не само на црквата, и на другите религии, меѓутоа, апсолутно не можам да се согласам дека некогаш некој забранил некому да верува во бога. Тоа не е прашање кое што се регулира со закон, ни со некакви директиви, и сакам да ве прашам дали вие лично се сметате за човек со лична свест и совест за морална личност, дали сметате дека можете да направите разлика што е добро што е лошо со голед дека на вашето образование не сте го изучувале предметот веронаука. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Иван Анастасовски имате реплика од три минути.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Мене ми е навистина драго што лидерот на опозицијата, седнал и го проучил законот за основно образование и сака да направи одредени интервенции во него од една страна, меѓутоа заборава нешто друго. Во моментот не е возможно во нашиот закон. Јас мислам за тоа треба да бидеме и двајцата согласни. Не сакам да не оквалификува некој дека ние се прлашиме да направиме таква иницијатива . Јас кажав дека пред година ипол со кооридинаторот господинот Макрадули направивме таква иницијатива за други два предмети, меѓутоа, ги направивме по оној пат кој во моментот е законски и преку кој треба да се оди од една срана. Вие сега овде на говорница не ставивте нас како да сме 4-А одделение и ни држите предавање и ни кажувате , што всушност, однапред се ставивте во улога на вероучител. Ни кажувате дека веронауката кажува, не краде, не лажи и други компоненти. Тоа се извинувам господине Груевски, вие го правевте кога бевте на власт, така ги учевте основците и граѓаните и тква пракса и поука им дававте на нашите граќани. Вратете се назад и ќе видите дали вие тоа сте го почитувале кое сега барате да го вметнеме со закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Анастасовски.

Госпоѓп Лепиткова, вашите три минути.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе, навистина одамна не сум го слушнала господинот Груевски да се обрати од говорницата , а не на ваков начин како што сега е за еден закон, за дополнување на законот за основно образование и тоа од почетокот до крајот со многу лични противречности и неможам да се согласам дека доколку ние не изучуваме вероучение, не веронаука, дали тоа значи дека со тие два предмета и црквата и етичкото образование ќе ви воведуваме како паралелни

предмети, со тоа што вероучението ќе го предаваат претставници од страна на црквата, а етичката димензија, односно моралната димензија на тоа која што на научен карактер ќе се обврrне, ќе го прават претстаници кои што предаваат етика, филозофија, социологија и изучување на историјата на религијата. Ние таков закон со една подруга содржина имавме пред една година и тогаш се согласивме дека навистина, треба да се направи една широка јавна расправа и дебата и доколку се повикуваме на јавната свест, јас и овде мислам дека една ваква јавна дебата, кога опозицијата бара сите закони, макар да се и со еден член да бидат подложни два пати на разгледување, сепак, еден ваков закон кој се состои само од два члена, меѓутоа, задира во една навистина суштинска основа, односно суптилна материја, како што е вероучението. Само за тоа треба да постои широка јавна расправа, поаѓајќи и од тоа дека и Комисијата за образование од страна на предлагачите го бараше тоа.

Значи, да поведеме една широка јавна расправа и да видиме во каков правец ќе се движат размислувањата на сите фактори, кои што се значајни и релевантни околу тоа размислување. И уште нешто, што би сакала да кажам. Во поранешна Југославија, на која што толку многу се повикувавте и ја споредувавте Македонија со развиените земји, не се изучуваше вероучение, меѓутоа, во тоа време таа земја предначеше со моралните вредности од аспект на тоа што имаше наајмалку самоубиства, деликветнски појави кај малолетните лица, со тоа што се развиваше спортот, културата и другите димензии на моралната димензија на развојот на личноста на човекот од најмалите години и тогаш високо развиените земји, можеа само да и позавидат на тогашните граѓани на таа држава од аспект на тоа како моралните вредности на најмладите генерации беа издигнати на највисоко ниво. Така да, тие споредбени предлози што вие ги давате дека со тоа ќе овозможиме Македонија да биде во делот на развиените земји, што ќе воведеме вероучение и ќе ја внесеме црквата во образовниот систем, јас сметам дека не е во правилен тек и навистина, треба да постои широка расправа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михајловски имате збор.

**Јордан Михајловски:** Почитуван претседателе, претставници на Владата,

Кога се расправало за ваква тема, никогаш не сум бил ни за, ни проитив. Ќе кажам веднаш дека сум за, меќутоа, на начин кој јас го чувствувам. Се работи за следново: Со оглед на тоа што имам повеќе право да зборувам од другите колеги тука, не само како пратеник. Прво како познавач на оваа материја и тоа дека над 20 години сум во црковните тела на Македонската православна црква.

Сега ќе кажам вака: Денеска со навидум едноставен закон, со еден член се измешани два термина: вероучение, кое тука се наоѓаше во алтернација на веронаука и верско образоване и етичко образование за запознавање на религиите.

Мислам дека несоодветно се наоѓаат двата члена во пакет. Етичкото образование е сепак нешто друго. Религиското образование, или веронауката, е сосема неашто друго. Бев еден од тие кој учествуваше во сите, така да кажам, експерименти во живо на професорот Темков како мој асистент, да учествувам на предавање во три експериментални школи на промоција на неговите етички тетратики и бев еден од заговорниците да се воведе етичко образование во основното образование, дури и во средното образование. Мислам дека штета е што Министерството за култура се оглушува на тие иницијативи, иако во некои школи веќе се воведува етичко образование на факултативен начин се спроведува, меѓутоа, младите имаат допир со етичкото образование.

Што се однесува до веронауката, исто така не сум да се затвори овој процес, меѓутоа, не сум за тоа да се политизира како денрска, да му се дава политичка комотација, бидејќи влегуваме во предизборна кампања. Па ќе кажам дека и од Владата дојдоа сигнали дека се размислува за веронауката во вр вот на МПЦ на кој начин и како веронауката да се изучува. Да се најде најсоодветна форма. Најблиско до формулата е госпоѓата Соња Лепиткова што зобурваше дека треба да се направи една јавна трибина, да седнеме и да разговараме, да ги најдеме модалитетите, на кој начин веронауката да влезе во образованието. Јас не сум против да влезе во образованието, но не и во паќет вака како што денеска се нуди, со цел да се отворат политички поени. Со оглед на тоа дека расправата доби друга димензија, па се учевме на тоа што значи гордоста. Јас ќе им кажам на некои лидери на партии овдека. Гордоста не значи да ги газиш тие под тебе. Дури Исус Христос им даваше сомилост на своите следбеници, им ги миеше нозете на следбениците. Ќе прашам некој од вас колку ги знае божјите заповеди. Ајде да ги запишеме на едно ливче десетте божји заповеди. Како звучат тие божји заповеди овие 15 години, не кради, не лажи. Кој ги почитува. Како звучат тие божји заповести не кради и не лажи. Ќе ги кажам кои се осмата и деветтата заповед.

Второ, се согласувам со тоа што се каже дека ако влезеш во политика не значи дека веќе си го научил словото на совеста, или ако ги прочиташ божјите заповеди дека си го научил моделот на моралноста. Ќе кажам нешто друго: треба да седнеме и да расправаме, да ги најдеме моделитетите. Инаку, вака како што се напишани во Законот вероучението и етичкото образование се испреплетуваат. Еве ќе кажам зошто. Етичко образование и запознавање на религиите. Зошто сега етичко образование и запознавање на религиите. Зошто се додава тоа. Јас ќе ви кажам дека нашата македонска етика почнува од Свети Климент и Наум Охридски. Кој зборува од

принцип на нашата етика. Тие принципи после се надоградуваат со сите оние вредности на западната цивилизазција, пороците во општеството и изгубените вредности по кои трагаме во овој парламент, еве две ипол години. Сето тоа се надоградува во етиката. Што значи, веронауката како диференциран облик на човекова свест, религијата, заслужува друг приод. И треба да седнеме, да ги вклучиме и претставниците на црквата. Не да нудиме ние овдека модел како ја разбираме веронауката. Јас ја разбирам многу подобро, ама не се дрзнувам да кажам модел овде денеска. И нема да кажам. Се додека не направиме една широка расправа и не седнеме, а ќе го критикувам Министерството за образование и наука, зошто етичкото образование, онака како што е дадено во концептот на професорот Кирил Темков стои уште во нивните архиви некаде заклучено, како предлог. За тоа мора да се размислува. Сакам да кажам јас сум еден од претставниците кој сака да се воведе веронаука во образованието, но не вака како што денеска се нуди и не вака како што се сака политички да се поентира. Ако ме провоцира некој ќе кажам и други некои елементи. Кои се косат со гордоста, со лагите и со кражбите. Ќе кажам уште нешто, ама нема да кажам сега, бидејќи ако кажам ќе се побијам за сето нешто што сум го кажал до сега. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Колеги пратеници, бидејќи Влдата не е предлагач на законот, а се јави заменик министерот за образование и наука, би требало да чека ред. Дали се согласувате да му се даде збор, бидејќи има нешто за објаснување во врска со овој закон и треба да го чуете, а потоа можете аргументирано да дискутирате. Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамаитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, иако формално ние не сме предлагачи ниту имаме право директно да се мешаме во процесот на усвојување на овој Предлог на закон, за измени на законот, сепак јас се јавив за збор бидејќи бев провоциран од дискусиите кои што беа во делот од потребата на воведување на веронауката и етиката во образованието.

Јас би сакал да искажам одредени ставови кои како размислувања од институцијата која што е задолжена за организирање и управување во процесот на воспитно образовната дејност во Република Македонија.

Ние подолго време и покрај тоа што беа искажани констатации дека неколку пати се направени обиди за вклучување на веронауката во постојниот систем.

Ставовите во јавноста се поделени. Едни се за, други се против. Тоа како констатација може да се извлече од досегашните објаснувања од пратениците и верувајте дека секојдневно ги правиме аналзите на сите оние иницијатива и предлози, кои што достигнуваат до Министерството за образование и наука.

Нашиот став, би сакал да бидам поекспліцитен е дека ваквата иницијатива не треба амблок да биде отфрлена и заслужува внимание бидејќо во јавноста се посилни се притисоците, бидејќи сведоци сте битието на еден народ , на една нација се осликува и преку црквата, преку верата, и тоа не би требало да биде за занемарување за изградбата на духот на една индивидуа. Зошто не и од почеток на изградбата на личноста од самите нејзини млади години.

Ние тоа сериозно го дебатиравме во Министерството на неколку колегиуми. Завзедовме некои ставови кои што јас можев да ги прочитам во информативните гласила, иако тие беа затворени седници во кои што се обидувавме барем челните луѓе да изградиме некои стасвови со кои што ќе настапиме во јавноста. Значи, ќе повторам амблок ние не сме против иницијативата за воведување на веронауката и етиката во образовниот систем, но се поставува прашањето и дилемите во јавноста се кој дел, која димензија на веронауката. Кој дел би можел да биде внесен во образованието, на којакатегорија на ученици би се однесувало тоа. Кој дел не би предизвикал поделба кај малдите луѓе уште во текот на почетокот на нивното образование. Бидејќи сме општество со повеќе вери , значи како да ги обединиме децата во изучување на тој дел, таа димензија во која што филозофијата на религиите, етиката ,вредностите кои придонесуваат во изградба на духот на личноста би дошле во преден план и зад таа димензија на верата, да, спремни сме да дискутираме , да дебатираме како да ја вградиме во постоечкиот систем.

Што се однесува на другиот дел, на разликите кои што одредени вери ги имаат и во начинот на изведување на молитвите и другиот дел кој што оперативно значи реализација на вредностите на посебните групи на вери. Тука сме спремни исто така да дискутираме за еден факултативен дел, во кој што изборот би го имале самите родители, самите деца, но би се изведувал во верските објекти. Значи, ова се почетни размислувања, а ние спроведовме и конкретни чекори. Би сакал да помогнам во оваа дебата. Спремни сме за јавна расправа. Спремни сме и отворени за вакви дебати на повеќе нивоа. Би ги вклучиле и црквата и црквите и универзитетите и универзитетските професори и сите оние луѓе, кои во пократок или во подолг временски период им е преокупација оваа матрија. Би требало еднаш како општесетво, како јавност да ги прифатиме оценките на мнозинството и да ги вградиме во тој систем.

Направени се конкретни чекори во разговор со црквите и во делот на високото образование и за тоа уште утре е закажана една средба со поглаварите на црквите, на која ќе се разговара за нивната иницијатива за вклучување на Богословскиот факултет во универзитетскиот кампус и за тоа сме спремни уште така да дебатираме. Би сакал да дадам своја оценка дека е погрешен впечатокот, дека има

спротивставени страни во општеството. Едни се за, други се против. Мислам дека не би требало дискусијата да се одвива во таа насока и да имаме уште дополнителна поделеност во тој дел. Но, колку, каде, како, во кој обем и што ќе се постигне со тоа, да, за тоа треба да се дебатира и би требало да се изгради заеднички став во јавноста. За имплементацијата е лесно, ние тоа ќе го спроведеме преку измени на законот, кој што Парламентот ќе го усвои, а ние сме должни да ги имплементираме во реалноста. Се надевам дека со оваа моја сугестија само ќе помогнам во дебатата. Ние во Министерството планираме да организираме во блиска иднина вакви дебати и уште повеќе во таа национална програма, која што неколку пати сме ја спомнувале, имавме еден оперативен состанок во изминатиот викенд кога го разгледувавме новиот модел за основно образование односно да бидам попрецизен, неколку веројатни модели на основно образование, во кој што имаше предлози, почетни предлози и на новите наставните програми и планови. Таму етиката е предвидена како задолжителен предмет во основното образование.

Во граѓанското образование е дадена една силна компонента за вметнување на филозофијата на религиите и историјата на религиите, како неопходна потреба од изучување. Јавната дебата која што ќе следи и во која ќе можат да бидат вклучени и индивидуи и институции и поединци кои ќе можат да дадат соодветни предлози и сугестии, можеби ќе дојдат и ќе доведат во ситуација да изградиме една комплетна слика по која ќе постигнеме еден консензус и во иднина ќе го затвориме и ова прашање, кое што подолго време лебди во јавноста.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми, повелете процедурално. Да видиме во што е процедурата.

**Абдилаќим Адеми:** ви благодарам господине претседател.

Сакам да ви укажам и вас како претседател на оваа седница, но и на сите дискутанти кои дискутираат кога се говори за веронаука и кога земаат пример, да го имаат предвид фактот дека околу 50% од граѓаните на Република Македонија не се од христијанска вера и кога ќе спомнат вери или други верски објекти, да го имаат предвид овој факт или да ги спомнат сите, или да не спомнуваат ниту еден верски објект.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Адеми, ако ова беше процедурално, јас сум навистина новиот папа Бенедик 16. (општа смеа).

Бидејќи зборуваме за веронаука, го спомнавме веќе еден, ако ова беше процедурално. Вие можете да реплицирате и во право сте како реплика ова што го кажавте, но не процедурално. Еве, реплика има госпоѓа Лепиткова и таа можеби истото тоа ќе го реплицира.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе,

Јас сакам само на заменик министерот да му кажам дека ова што го искажа овде на говорница, доколку Комисијата и Парламентот го имаа како мислење дадено од страна на Министерството за образование односно од Владата, затоа што ние како Комисија до вчерашниот ден очекувавме такво мислење и ги оставивме овие точки доколку дојде мислењето, да имаме заседание на Комисијата, тогаш можеби ќе им олеснеше и на предлагачите на законот и на членовите на Парламентот односно на парламентарците во смисла на целокупното одвивање на денешната седница. Така, оваа јавна дебата што и јас во претходната реплика ја искажав, е потребна со цел да видиме каде се движиме и она што го реков вероучение, можеби и самото Министерство не е спремно, меѓутоа, филозофија на религија или етика на религија итн., социологија на религија, кои форми постојат како потформи кои што можат да ги изучуваат овие делови, овие сегменти за унапредување на моралните вредности, кои се како важни за унапредување на целокупниот систем на живеење и сите вредности кои што го чинат, се особено важни, па еве си го земам правото можеби ние како Комисија во својата Агенда на активности до крајот на месецот планираме една ваква широка јавна дебата, така што ќе го поканеме и Министерството и останатите претставници, заедно да дебатираме и тоа овде во Парламентот околу тоа дали е потребно изучување на овие предмети. Доколку тоа така се случеше и имавме едно вакво мислење и самите предлагачи на закон, можеби ќе го повлечеа законот или ќе се гледаше во две фази.

Сепак, апел до Министерството овие мислења да стигнуваат на време, како што беше и минатиот пат, за да може да не се претвораат седниците во вакви расправи, како што е и денешната.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Апелот е на место, но ние направивме еден чкор напред и велиме дека ова е прв пат за пратенички закон да присуствува претставник на Влада и уште и да се обрати. Тоа е еден чекор напред и тоа позитивен чекор, да го даде своето мислење. Значи, почнува Владата да го цени Парламентот.

Повелете господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседател, почитувани колеги,

Јас го делам мислењето со сите оние кои рекоа дека имаме предлог за дополнување на Законот за основно образование, со тоа да има наставна програма - верско учење и оваа интервенција во членот 13 со додатна алинеја или со повеќе додатни алинеи, кои на некој начин овозможуваат да се размислува и да се работи малку на поекспедитивен начин за да има верско учење во основните училишта. Исто така, се радувам што заменикот министер на некој начин ја поддржува оваа иницијатива, меѓутоа, се разбира како и вообичаено на иницијативите кои што доаѓаат од

Парламентарните групи, од пратениците.Секогаш се наоѓа некое толкување кое што е поинакво дека ова ќе го подготви Владата дека ова ќе го подготви Министерството за образование, ќе се отвори јавна расправа итн. Сакам на овој начин да помогнам во еден поопуштен амбиент да разговараме за прашања кои што се доста суптилни и кои што се многу значајни. Веронауката, верското учење како наставен предмет не е верско организирање, политика или нешто друго во училиштата. Со ова мислам дека се согласуваме сите. Верското учење и тоа образование или етиката исто така треба да бидат како наставни предмети во наставните програми. Наставниот предмет верско учење е во согласност со религиозната традиција на која што припаѓаат учениците и со барање на родителот предметот верско учење може да се заменува со предмет запознавање на разните религии со етика. Наставните планови во оваа насока, се разбира, дека не ги составува парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, ниту групата на СДСМ или другите парламентарни групи, туку е многу јасно дека тоа треба да го изготви Бирото за развој на образованието. Меѓутоа, тоа што е значајно ние треба и да го разбереме, дефинитивно почитувани колеги, дека во моментов кога му се вели догледање на еден општествено-политички систем, значи комунистички систем и се преминува во еден општествено политички систем кој што ние го нарекуваме демократија, тогаш некои премисии, некои сегменти на воспитанието марксистички или ленинистички, се разбира дека се заменуваат со верско учење односно со образование и воспитание на верата на која што припаѓаме сите ние, значи на верите на кои им припаѓаме ние или учениците кои учат во тие основни училишта. И, тука ми се чини дека е сосема јасно дека дефинитивно во училиштата веќе не може воспитание или настава да биде тоа дека човекот имал потекло од мајмунот. Тоа е работа која што се разбира дека не може веќе понатаму да се учи. Потоа, треба да прифатиме дека малку сме задоцниле. Ние и денес веднаш ескивираме на разни форми, начини, предвидувајќи, најавувајќи дека ќе го правиме ова, затоа што имаме пресија или притисок од самите родители на разни начини и дека треба да направиме нешто во оваа насока. Меѓутоа, кога и како сме задоцниле и поминале многу години. Никогаш, според мене, не сме имале повеќе потреба, отколку сега заверска наука, за верско учење во основните училишта. Никогаш не ни требало повеќе толерантност, повеќе етика, повеќе почит кон разните вери кои што ги имаме тука. Затоа, сега е вистинскиот момент во оваа насока така како што и најави Министрството за образование односно заменик министерот да се направи нешто повеќе и малку побрзо, затоа што иницијативата на Парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ можеби е и токму поради оваа цел. И, ќе беше добро да има воспитание односно верско учење, затоа што ни се јавуваат и разни проблеми во последно време. Вие сте сведоци и ние сме сведоци дека ни се појавуваат проблеми и кризи, можеби и во самите верски заедници. Тие кризи не се случајни. Потполно сум убеден дека поради разни преплетувања на разните верски училишта, кои потоа се судираат тука на местото каде што ние живееме, ни се јавуваат проблеми кои што заземаат и димензии, за кои што ние не треба никогаш да се согласуваме, затоа што сето тоа влијае и во меѓуверските односи и во меѓучовечките односи, меѓутоа и во сето она што се нарекува воспитание. Затоа, за да се има ваква толеранција, за да се има вакво воспитание, за да се направи малку повеќе во оваа насока и тоа на институционален начин проповедање, интерпретирање и толкување на нашите вери, тогаш ние треба ова да го направиме најдобро преку институциите, се разбира во сегментот колку што се дозволува и колку е толерантна да не се злоупотреби во основното училиште. Сигурно дека нема да се злоуптребува ниту толкувањето ниту проповедувањето, доколку се направат планови и програми кои ова воспитание или ова верско учење ќе го сместат во шините така како што треба.

Затоа, сум за оваа иницијатива и сум за тоа брзо да се интервенира и да се направи нешто повеќе во оваа насока. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски, повелете.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, добро е што ваков предлог е стигнат по незнам кој пат, а минтиот парламент исто така предложуваше нешто слично и не помина. Овој пат исто така нема да помине и се предлага широка расправа по оваа точка. Широките расправи по мене не водат кон она што значи вистинска цел. Претпоставувам дека тие широки расправи како што најави и заменикот министер ќе почнат од утре и претпоставувам дека ќе завршат пред изборите во 2006 година. Така што, искрените намери една ваква работа се инкорпорира во нашето образование и тешко поминува, барем според она што успеав да го слушнам и да го забележам, поради повеќе конфексионалноста на државата што за мене не претставува греда, секој ќе учи за сопствената вера.Секој ќе учи за она што значи нивна традиција, нивно историско наследство, нивни корени. Така што, тука не гледам пречка за воведување и она што е предложено од пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ, нема да спорам дали треба да се вика веронаука или вероучение, етимолошки ако се бара коренот има стручни луѓе кои ѓе го образложат што тоа значи, па се на се се сведува на едно исто дали постои желба или не постои желба да се воведе веронаука или вероучение во основното образование. Тоа според мене како верник, како христијанин, апсолутно сум за и ќе дадам секаква поддршка во функција на донесување на овие нови пет ставови на членот 13, поради повеќе работи. Поради она што значи историски континуитет, поради она што значи опстој на

македонскиот народ нив вековите, поради она што значи Македонска православна црква порано вика на Охридска архиепископија итн. За жал, после 45 години од 1945 до 1990 година бевме сведоци на ништење на сето она што значи наше културно наследство и традиција пресликана преку опстојувањето на Македонската православна црква. За време на едноумието се такмичеа кој повеќе цркви ќе сруши, кој повеќе попови ќе уапси, кој ќе направи поголемо зло спрема Македонската православна црква.

Се надевам дека тој период е надминат и дека таквата работа никогаш повеќе нема да се повтори, а според она што го кажа и господинот Герамитчиоски веќе е отворен некој си дијалог со Македонската православна црква, во што не сакам да се сомневам, затоа што јавно овде е кажано и се оценува како една позитивна работа, до колку тоа постои и држи и почнати се веќе тие разговори. Треба да се најде модус вивенди како тоа да се имплементира, а законите не се фетиш, не се библија не се куран за да не може да се менуваат и правдањето овде пред нас дека таа работа многу тешко ќе оди, според мене значи немање на волја и желба, сето тоа што во повеќе наврати е предложено околу веронауката, да се вгради во образованието. Значи нема да говорам за тојизминат 45-ет годишен период кој беше темница за Македонската православна црква.

**Љупчо Јордановски:** Почнете за законот да говорите господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Па тоа е расправа во врска со законот и она што е предложено врз основа на член 13 став 2 и се додаваат нови 5 става.

**Љупчо Јордановски:** Сами велите нема да зборувате и немојте. Поминете на законот, ве молам.

**Александар Флоровски:** За законот говорам. За да говорите за една ваква суптилна материја, мора да ги барате корените, претседателе. Брз корени и без темел не постои ...

**Љупчо Јордановски:** Без да се уврedат колегите од Исламска вероисповест, почнете од Исус Христос тогаш.

**Александар Флоровски:** Не сум живеел во тоа време, но можеме да говориме, ако отвориме јавна дебата, и за Исус Хрисос. Може да говориме и за Коранот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, законот е навистина сериозен и заслужува респект, да се ислушаме, затоа зборувајте за законот, ве молам,не за историјата.

**Александар Флоровски:** Ако ви е намерата да прекинам, имате модус како тоа да го направите. До сега овде се говореше поопширно и сметам дека сето тоа што го говорев е во функција на едно заедничко усогласување и градење на заеднички ставови околу ова што вие велите. Јас и пред вас кажав тоа е сериозна материја која треба сериозно да се разгледува. Мислам дека тука ни јас ни вие не сме дисонантни дека исто размислуваме.

Значи кога говорам за вероучението или веронауката, ќе почнам од ставот 2 на членот 13 кој како предлог е произнесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ каде вели: "вероучението и етичкото образование се задолжителни наставни предмети утврдени со задолжителен наставен план и се изучуваат во различни учебни години".

За жал, јас, господинот Герамитчиоски не го слушнав воопшто д аговори за она што е предложено како пишан документ. Говореше општо и даде еднос вое врсно видување на она што е предлог на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Значи не го ограничивте, мене ме ограничувате и јас од време на време ќе ви ги читам сите 5 става кои се предложени за да не можете да ми го одземете зборот.

Не говоревте ништо господине Герамитчиоски околу ставот 2 на член 13...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, како претставник на Влада што прв пат му се случува во овој Парламент на пратенички закон да се појави и да каже свој став, затоа го пуштив господинот Герамитчиоски. Со ваша согласност, а вие по Деловник, должни сте да зборувате по законот.

**Александар Флоровски:** Па тоа е проблем кој треба да го различиме со Владата. Тоа е односот на Владата спрема пратениците. Значи они имаат еден сериозен приод, кога се нудат закони од било кој од пратениците. Проблемот барајте го кај министрите кои не присуствуваат. Они најдоа добра волја, еве присуствуваат и дебатираме. Ова е во функција на јавната дебата која, еве од утре почнува веќе на територијата на Република Македонија и која ќе опфати еден поширок слој на луѓе, почнувајки од МПЦ, од МАНУ и сите компетентни кои можат да говорат, во функција на она што значи вградување на овие 5 става од членот 13 во законот за основно образование. Така ли е господине Герамитчиоски? Да не утнав нешто, случајно?

Кога говориме за традициите, христијанството како традиција, нели ќе го изучуваме, оние кои припаѓаат на христијанската вера ќе говорат и ќе го изучуваат христијанството. Оние кои исползуваат исламска религија, ќе го учат исламот и тука воопшто нема ништоспорно, барем за мене, затоа што Господ е еден, само зависи кој како го толкува и кој како ги разбира работите.

И кога говоревме дека многу држави во Европа малтене цела Европска унија, веќе имаат еден ваков или слични закони, а ние како Република Македонија, како држава која се стреми со брзи чекори да граби кон Европската унија, редно е и македонското законодавство, во делот на високото образование, пред време да го вградиме и да фатиме чекор со Европската унија, што е една позитивна работа, во контекст на нашите државни, национални и уште незнам

какви стремежи кон Европа, која сопствената традиција ја гради исклучиво врз христијанската култура и цела Западна Европа се базира буквално врз она што значи христијанско наследство. Тука посебно не сакам да говорам за исламот затоа што не го познавам добро, како што го познавам христијанството, верувам дека има покомпетентни луѓе од мене да говорат за тој дел. Затоа, посебно внимание обрнувам на она што значи наша македонска традиција.

За жал, од многу говорници, во врска со овие 5 става понудени во членот 13, не потсетија на една друга работа.

При опсадата на Константинопул и при падот на Константинопул, црковниот лер се собрал, место да ја брани државата, расправале колку светци можат да се соберат на врвот од иглата. Така што оваа расправа од некои пратеници ме потсеќа на тој период и на она што тогаш се случуваше, без да се обрне посебно внимание на еден ваков битен закон кој, верувам дека ќе претрпи одредени измени, до колку постои волја, освен ако не е декларативна. Ако е вистинска сакам да ја поздравам и сето она што беше стремеж на ВМРО-ДПМНЕ во минатото, а сега и на цела опозиција, верувам и на дел од позицијата, да се вгради веронауката во основното образование, а можеби и во средното, ќе одлучат стручни компетентни луѓе, еднаш за секогаш да се заврши, да се стави точка на овој закон и да влезе во употреба. Да кажам, разбирливо македонски, да почнат од најмали нозе, да се вградат во она што значат наши традиции и наше историско минато инкорпорирано преку основното образование, а можеби и средното, еден патоказ што ќе значи едно поквалитетно живеење и градење на една поквалитетна иднина.

Зошто е толку тешко да се донесе еден ваков закон? Претпоставувам дека заменикот минситер, можеби во некоја друга прилика, денес не знам дали ќе имаме време, ќе каже зошто е тоа тешко да се направи. Но, кажав, законите се носат за да се употребуваат, но исто така законите се подложни и да се менуваат. Кажав дека не се ниту куран, ниту библија, ниту се фетиш и треба да се менуваат поради една причина, поради она што 45 години ни беше забрането да го правиме, да почне да живее и во нашиот дух и во нашиот ментален склоп. Тоа е христијанството како традиција која не одржа наназад десетина века, почнувајќи, некој го спомна Свети Климент, можеби ќе говорам и за богомилите кои се јавуваат пред Свети Климент, но таа е една сосема друга тема коај не сакам да ја отворам затоа што ќе влеземе во едни други сфери и не знам дали ќе најдам човек кој може да парира, кога ќе говориме на таа тема, затоа што првиот протентанизам во православието се јавува токму со богомилите, па стигнува до Франција и т.н.

Сакам да кажам дека давам апсолутна подршка на она што е понудено, или што ќе биде понудено како поквалитетно резшение од Министерството за образовани. Но, притоа, не смеете да заборавите дека таа широка расправа која планиравте да ја водите, нема да трае 6, 7, 8, 10 или 15 месеци, затоа што и други пратеници ќе бидат подготвени да понудат вакви или слични решенија и ќе бидете ставени секогаш пред предизвик, овде пред нас да одговарате зошто вие како Министерство немате желба, немате волја да го направите она што е стремеж на многу македонски граѓани.

Да не говорам дека во склопна сето тоа што го говорев, да не говорам дека при секое доаѓање на странски државници ги водиме низ Охрид, се фалиме со нашето културно минато, впрочем во Охрид има 365 цркви, а тие цркви ги граделе луѓе длабоко убедени во постењето на Бога и љубовта кон Бога, но тоа е една друга материја.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски повторно забегувате во историја. По втор пат ве опоменувам. Ве молам зборувајте за законот.

**Александар Флоровски:** За законот.

Членот 13 има 5 нови става. Ако сакате ќе ви ги прочитам, ако не ги знаете, но мислам дека нема потреба да ги читам. Значи, сума сумарум, има желба кај нас да подржиме еден таков проект, јас лично ќе го пдоржам мојот проект, ако имате подобри решенија, ќе ги пдоржам и вашите решенија, од многу аспекти кои не сакам да ги образлагам, затоа што претседателот во 18,00 часот ќе ја заврши седницата.

Значи, не само кај мене кај сите нас овде од опозицијата, а верувами од позицијата ќе ми дадат подршка на едно вакво слично решение, или поквалитетно решение, или поквалитетен закон, затоа што цело време говорите дека треба да се донесе закон. Донесете го тој закон, образложете го овде пред сит енас. До колку е квалитетен, а верувам дека ќе биде квалитетен, ја имате нашата апсолутна подршка. До колку мислите да не маткате до изборите да не носите ваков закон и по пат на таа широка расправа, фактички да не вроди плод, верувајте дека имате, ако не повеќе, еднаш месечно понудени вакви или слични решенија. Значи сакам да ја сватите работата многу сериозно, како што и самиот претседател кажа дека сериозна е темата. Ако е сериозна темата, вие како експерт и како носители на извршната власт, од сферата на образованието, треба да имате добра желба, едно вакво решение да ни понудите, а ние како пратеници да го прифатиме.

Еве претседателе, се обидов да бидам максимално краток, многу работи прескокнав. Во интерес на овој закон не ни давате простор да се размавтаме малку лево и десно, не ограничувате, но, за жал, таков е Деловникот, го почитувам Деловникот, ве почитувам и вас, но уште повеќе си ја почитувам сопствената вера, сопствената традиција и традицијата која успеала да не одржи нас како македонци, наназад десетина, единаесет и повеќе века. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Јас многу внимателно ве слушав, не го прекршивте никаде Деловникот, но морам да констатирам со жалење дека со исклучок на некои пратеници ретко кој ве слушаше. Затоа сум јас можеби за ова да имаме веронаука, барем ќе научиме да бидеме етични и да го сослушаме колегата.

Јас овде ја завршувам седницата.

Ако се договориме можеме да ги ислушаме уште двајца говорници што ги имаме пријавено.

Можеме да се договориме вака. (Можеме).

Значи имаме уште двајца колеги пријавени за дискусија во врска со законот. Молам, да ги ислушаме.

Повелете господине Китановски, а потоа господинот Аднан Ќахил и поминуваме потоа на гласање, ако имаме кворум.

**Илија Китановски:** Господине претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Моето излагање како еден од предлагачите на овој закон, ќе ми дозволите да го почнам со неколку забелешки кои во лет ги фатив кога дискутираа колегите и ќе ми дозволите малку на невообичаен начин да го почнам, меѓутоа мислам дека работите се од суштинска природа и добро е да ги разјасниме. Еве јас ќе се обидам, како еден од предлагачите.

Првата работа се однесува на членот 13 став 1, што практично е и суштина на целиот овој закон, за измена и дополнување на Законот за основно образование, каде со овие измени и дополнувања, предлагаме да се допрецизира една одредба со која почнува член 13, а тоа е - забраната на верско и политичко дејствување. Нам ни е јасно дека веронауката не е верско дејствување и затоа со став 1 тоа експлицитно го кажуваме. Значи,не се работи за тоа дека вероучението е верско или политичко дејствување и подлежи на забрана. Не бараме укинување на тој член, што забранува верско и политичко дејствуање воосновнит еучилишта, туку едноставно се кажува она што му е јасно на секој за да нема одредени толкувања понатаму дека под верско дејствување не се подразбира вероучението.

Втората работа на која сакав да укажам е една работа која се провлекуваше во текот на повеќе дискусии од колегите од позицијата кои декларативно, наводно се за да се донесе ваков закон, меѓутоа со своите дискусии, округло на ќоше, дали да се отвори расправа и т.н. Ние три години чекаме да се отвори расправа за овој, да речеме проблем, меѓутоа ја нема, а тоа е Бирото за развој на образованието. Имено на неколку наврати беше спомнато дека главната причина заради која, наводно тие не би можеле да гласаат за овој закон или да го подржат, е тоа што Бирото за развој на образованието ги пропишува предметите односно задолжителните предмети кои се изучуваат воосновното образование и се се вртеше околу тоа Биро за развој на образованието, како да Бирото за развој на образованието е над Министерството за образование и наука и уште повеќе и над Собранието на Република Македонија. И Бирото за развој на образованиеот е предмет на закон веќе во наредните точки. Мислам дека тие образложнија од формално правна природа апсолутно не држат, односно не се суштински и се веројатно еден вид оправдување за некои други причини зошто овој закон е неприфалив.

Трето, мислам дека беше искажување на заменик министерот за образование, а навистина е за почит што не удостои да присуствува на расправата на еден закон чии предлагачи се пратеници и не само што присуствуваше туку и кажа неколку добри работи дека се размислува, се планира да се отвори дебата и тн. Меѓутоа, сметам дека помина доволно време за да можеме да се потпреме само на тоа и евентуално да размислуваме за повлекување на законот. Притоа, суштински сакам да појаснам дека во таа дебата и во сите тие дискусии кои евентуално би се отвориле или овде расположението на колегите кај кои постои расположение за поддршка на овој закон, наводно, би било околу тоа дека треба да се изучуваат религиите, историјата на религиите, дека треба да се изучуваат етичките норми и етиката како наука и тн. Мислам дека тоа не е исто со суштината на овој закон, а тоа е суштинско изучување на сопствената религија на оние кои се верници односно религиозни луѓе и нејзините канони, учења, конкретно на христијанската православна религија на која јас припаѓам, Евангелието, Стариот завет и тн. Мислам дека тоа е суштината на воведувањето на предметот Вероучение и мислам дека за тоа не слушнав некое посебно расположение или дискусија во правец на одобрување или прифаќање на воведување на посебен предмет ввероучение, или ако повеќе милувате веронаука.

Конкретно, како еден од предлагачите на овој закон за воведување на овие предмети Етика и Вероучение, што е суштината на законот, во основното образование е фактот што отсуството на вероучението и етиката во образовниот систем може би е една од причините за отсуство, долгогодишно, можеби повеќедецениско на еден морален систем на вредности во општеството не само во Македонија туку и во сите посткомунистички земји како замена за надминатиот идеолошко политички оптоварен комунистички, ако сакате социјалистички систем на вредности кој што веќе е минато. Поддржувањето на состојба на отсуство на овие суштински предмети придонесува кон стимулирање на затвореноста, зацврстување на етничката подвоеност и пречка за општествената кохезија кон која сите се стремиме.

Затоа, ВМРО-ДПМНЕ го предлага воведувањето на Вероучението и етиката во основното образование, промовирање на нивните универзални вредности, значењето на тие вредности за животот и на општеството и на поединецот, посебно на младиот човек,

влијанието на историските движења, развојот на историјата на уметноста, но на тој начин што ќе овозможи зближување на децата од различни конфесии. Воведувањето на Веронауката и Етиката како задолжителни предмети ќе придонесе исто така да се излезе од општествената криза, и покрај фактот што причините за таа криза се многубројни и тоа не е само во политичката репресија, идејното едноумие на претходиот систем, туку и во бројните и длабоки промени во општествено економската свера, што од 1990 година наваму г зафатија сите посткомунистички земји, вклучително и нашата држава. Со ова ќе се даде значителен придонес во надминување на еден вредносен вакуум и недефинираност, кои се главна одлика на овие транзициски демократии, каква што е и нашата.

Покрај овие придобивки, со воведувањето на овие предмети во основното образование, се постигнува и целта, со суштинското изучување на религијата, значи не само православната на која јас припаѓам, туку на секоја религија, бидејќи во суштина секоја религија проповеда догма, ќе се постигне посвесно сваќање прво на училишната работа и развојот на децата, на учениците, поодговорно прифаќање на работната дисциплина и должностите, почитување на сопствените обврски, односно целокупниот процес на менување на сегашната состојба и еден морален религиозен препород на целото општество. Со ваквиот препород конечно би се создала здрава основа кај сите општествени субјекти за вистински и долгорочен развој.

Иако претходните говорници и предлагачите на овој закон и сите останати што го поддржуваат истакнаа и направија компаративни споредби со другите земји, во неколку реченици и јас би сакал да се осврнам на тој дел. Имено, верската настава е природен и неопходен дел на школувањето скоро во сите демократски земји и во соседството и во развиените демократии во земјите членки на Европската Унија и таа е длабоко вкоренета во образовната практика на голем број од овие земји. Другата група на посткомунистички земји, во кои и ние спаѓаме, оваа практика ја имаат воведено веднаш по преминот во демократски политички систем, со што даваат големо олеснување на транзиционите процеси во своите општества.

На крајот, има многу примери во историјата на оние кои имаат, за мене неразбирлива, аверзија или отпор кон воведување на веронауката, односно вероучението во основното образование од научно фундирани причини. Има многу примери во историјата каде што врвни научници, дури и од природните науки, биле длабоко религиозни луѓе, дури и проповедници односно свештеници на одредена религија, како што е примерот со Јохан Кеплер, творецот на Кеплеровите закони.

Сметам дека овој закон вака како што е предложен е доволно широк и доволно демократичен и им овозможува на сите граѓани на Република Македонија да се пронајдат себе си во него, било да се припадници на одредена религија, било да се атеисти и на крајот, што е најважно, бидејќи затоа е и демократичен, им овозможува да направат избор, затоа што во самата суштина на законот е предвидено за сите оние родители кои се атеисти и кои сметаат дека децата не треба да поседуваат часови по вероучение, има опција да изберат предмет Историја на религгиите. Затоа, во интерес на еден закон кој само ќе придонесе за развој и хуманизација на македонското општество, ги повикувам сите колеги и од парламентарното мнозинство да го поддржат овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китановски.

Господине Аднан, сакате да зборувате? Добро, повелете, не можам да ви го одземам тоа право, но би ве замолил ако може да бидете краток.

**Аднан Ќахил:** Добро.

Господине претседателе, заменик министер, почитувани пратеници,

Земав збор со цел да кажам неколку мои согледувања во врска со овој предлог закон. Повод беше дискусијата на ценетиот заменик министер во врска со ова. Во неговата дискусија и во дискусијата на мојата колешка Соња Лепиткова се укажа на потребата дека има потреба од донесување на ваков закон. Очигледно е дека има потреба. Да се вратиме малку station наназад, пред година или повеќе, кога ние укажавме дека има потреба од донесувањето на овој закон. Во дискусиите се рече дека во иднина ќе се направи широка расправа за оваа работа, ќе се согледаат сите аспекти и ќе се предложи соодветно решение. Помина една година, апсолутно нема трага од тоа, ниту Министерството покажа интерес. Можеби работи на таа тема, но мислам дека година е сосема доволно време за да може да се направи еден преглед, а гледаме дека не само опозицијата туку и Владата, да собира политички поени на секаде велејќи дека ќе предложи ваков закон во однос на религиите. Меѓутоа, имавте време во Министерството за образование и наука да направите широка јавна расправа. Неколку пати тоа го побаравме на Комисијата и како што рече Соња Лепиткова, ако на Комисијата имавме размислување, имавме преглед што се мисли во овој правец сигурно ќе имавме и свој став, бидејќи таа Комисија често пати знае со консензус да донесе одлуки и ставови во врска со ова прашање. Немаше да дојдеме до оваа ситуација. Ќе кажам една поговорка. Имено, некој велел господе боже да ми падне на лото, но се појавил господ и реко уплати лото. Тоа значи дека вие цело време зборувате дека ќе дадете ваков закон, ама не предлагате. Што да правиме, една пратеничка група предложи закон, го имаме законот. Сега избираме, го избираме тоа што го имаме и би требало да се поддржи. Чекајќи некој да донесе или да предложи закон, ќе ви помине мандатот. Не треба тоа да го направиме. Во

вашата агенда на работа, како што впрочем и вие кажавте, имавте право и обврска да поднесете ваков закон, сите ние со консензус да го поддржиме, да имаме јавна расправа, ама тоа до денес не е направено. Ако не е направено од ваша страна, а една пратеничка група тоа го направила, па каков е таков е законот би требало да се поддржи.

Како припадник на друга исповест можам да кажам дека мене тој ми е прифатлив. И минатиот пат кажав, доволно е и наместо во исламскиот свет да им деца предавања луѓе кои се со сомнителен квалитет. И тогаш кажав дека сакам да може во институциите на системот предавање да им држат луѓе кои се квалификувани за оваа работа и кои по барање на родителот ќе држат предавање за вредностите на религијата, вероучението и веронауката, како сакате. Сакаме со барање на родителите таа да влезе во институциите на системот. Тоа е моето барање, тоа беше идеата и ако се симнете меѓу народот ќе видите дека тоа го бара народот. И така треба да биде.Не треба ние да чекаме многу поопсежна анализа да се направи, како што веќе сме имале Враќајќи се назад пред 30, 40 години и информатиката беше изборен предмет или предмет кој што факултативно се воведуваше. Денес е задолжителен предмет. Значи во минатото бил факултатитвен предмет, денес е задолжителен предмет. Затоа не треба да имаме сомнеж, се согласувам дека треба да имаме јавни расправи, се согласувам дека треба да влезе во системот на образование. Би сакал да истакнам дека единствено сомнение ми е што овде се предлага задолжителен предмет. Само тука е моето сомнение како ќе се инкорпорира во постојниот закон, во Уставот, бидејќи треба д се направат коренити измени во таа смисла за да биде како задолжителен предмет. Тогаш предложивме, ако се направи широка јавна расправа ќе се види дека имаме согласност скоро од сите овој предмет да биде факултативен избор, или на начин на кој ќе се договориме едноставно религијата, религиските учења, религискиот пристап на размислувањето на луѓето кои се од таа фела да може да се пренесе, на барање на родителите, на учениците. Не треба да бегаме од тоа. Ние имаме дијалектички пристап, она што се учи во училиштата, не значи дека не треба да имаме и друг пристап на веронауката. Можете да видите, како што рече колегата Китановски дека и многу големи научници веруваат и се големи верници. Тоа е нивно право, но и обврска, да веруваат или да не веруваат во господа и во религијата, без разлика од која верска заедница доаѓаат. Можете да ја земете книгата што кај нас е преведена од Стивен Хопкинг "Историја на времето" и да видите дека таму многу провејува и филозовскиот и дијалектичкиот метод на размислување, но се граничи и со религијата. Барем јас најдов места и модуси каде што често пати господинот Хопкинг често пати се прашува што Господ сакал да каже со тоа и што сакал да направи. Човекот ги поставува тие работи. Не треба да имаме сомнение во ова, но очигледно имаме сомнение на кој начин треба да се направи тоа. Начинот ние треба да го пропишеме, начинот ние го правиме. Кога велам ние мислам на народот во Република Македонија. Ако сме ние избраници на народот, ние имаме право и обврска да направиме широка дебата, да видиме што, како и каде и јас очекував, верувајте, во последнава година дека ќе има таква широка дебата, дека министерот за образование и наука ќе излезе со таков предлог, при што ќе биде пропишано на овој начин да се воведе веронаука, на овој начин да се направи изборен предмет, или пак факултативен предмет, односно на начин кој ќе биде прифатлив за сите. Но тоа не е направено, незнам од кои причини и ако некој не направил, веќе друг предмет. Обврска и право на пратениците е да предлагаат закони, како што ги прифаќаме и законите што ги предлагаат Владата и министерствата во овој највисок законодавен дом. Затоа, во отсуство на можеби уште поквалитетен закон од овој, јаз ќе го поддржам овој закон. Не велам дека законот е идеален и ги решава сите проблеми, не велам дека нема недостатоци, бидејќи има недостатоци, но ќе повторам во отсуство на еден закон кој е подобар, јас немам друг избор освен да го поддржам овој закон. Можеби во иднина и би ве замолил господине заменик министер вие да преземете иницијатива онака како што ветивте, да направите широка расправа и да имаме можност да донесеме и друг закон, кој можеби ќе биде уште поквалитетен од овој закон, ако го изгласаме овој закон и ќе биде покомпактибилен во однос на секојдневниот живот на луѓето од различна вероисповест, од различни религии, затоа што во Македонија егзистираат различни религии, и тоа големи религии. Очигледно и вие сте свесни и јас сум свесен дека живееме едни покрај други, се познаваме, но не си ги познаваме религиите, не си се познаваме во душата. Ќе се согласите дека покрај тоа што го имаме физичкото јас, секој од нас си го има религиското јас, своето его што го има во себе во однос на религијата и би требало да бидеме блиску едни до други, да се запознаеме едни со други преку религијата. Мислам дека нема никакви негативни елементи ако се воведе овој предмет, по мое длабоко убедување, факулативно или како изборен предмет, а не барем во оваа фаза како предмет кој е задолжителен. Пак велам, оставам Министтерството за образование и наука да ги согледа сите аспекти, да направи широка расправа и можеби во догледно време да предложи закон кој ќе биде можеби подобар од овој, но додека не предложи закон, ние да го прифатиме овој закон, да почнеме да практицираме религиско учење во нашите оснони училишта. Нема да загубиме, верувајте, само ќе добиеме, а работата на сите наши пратеници, без разлика дали се во позиција или опозиција, е да создадеме амбиент на демократско живеење во Македонија, да се разбереме едни со други,

да живееме едни покрај други покрај разликите што ги имаме и да бидеме целина, да покажеме дека можеме да живееме разбирајќи се и во религиска смисла и во демократска смисла и на начин како што делуваат цивилизациските текови што не водат на патот кон Европа.

Би ве замолил да го прифатиме овој закон, бидејќи јас за овој закон ќе гласам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ќахил.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Заклучокот ќе го прочитам утре во 11,00 часот и тогаш ќе гласаме.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,20 часот).